**ООУ „ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ“**
**Општина Кисела Вода**
**Скопје**
**e-mail:partenija@t-home.mk**

# ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО**

**ВО УЧЕБНАТА**

**2019/2020 ГОДИНА**

## Содржина


***1.За Извештајот*** ........................................ 2
МОТИВАЦИЈА ........................................ 3
Мисија и визија ........................................ 3
***2. Организација на животот и работата во училиштето*** ........................................ 4
УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ........................................ 4
УЧЕНИЦИ ........................................ 7
***3. СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ*** ........................................ 9
***4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ*** ........................................ 12
***ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА*** ........................................ 12
***5. ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ, ОСПОСОБУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР*** ........................................ 13
***6. УЧЕНИЦИ ЗА ПОФАЛБА*** ........................................ 14
***7. Реализација на работата на стручните органи*** ........................................ 16
***8. Извештај за работата на стручниот актив на одделенски наставници*** ........................................ 17
***9. Годишен извештај на Активот на јазична група на предметни наставници*** ........................................ 19
***10. Годишен извештај на Активот на општествената група на предметни наставници*** ........................................ 21
***11. Извештај за работата на природно-математички актив*** ........................................ 23
***12. Годишен извештај за работата на ученичкиот парламент*** ........................................ 24
***13. Годишен извештај за работата на Детската организација*** ........................................ 25
***14. Извештај од имплементација на проектот за меѓуетничка интеграција*** ........................................ 26
***МИО*** ........................................ 26
***15. Извештај за поврзување на ЕКО-програмата со наставната програма*** ........................................ 29
***16. Извештај за реализирани натпревари*** ........................................ 33
***17. Јавна и културна дејност на училиштето*** ........................................ 41
***18. Реализирани активности за грижа за здравјето на учениците*** ........................................ 42
***19. Извештај од работата на подмладокот на црвен Крст и спроведени активности со ОО Црвен Крст*** ........................................ 43
„Дефилирај, не се фолирај“ – акција на Црвен крст за промоција на хумани вредности ........................................ 45
***20. Соработка со локалната средина*** ........................................ 49
***21. Годишен Извештај за работата на Советот на родители*** ........................................ 50
***22. Извештај за работата на училишниот одбор*** ........................................ 53
***23. Извештај за работата на педагогот*** ........................................ 57
***24. Извештај за работата на психологот*** ........................................ 60
***25. Извештај за работата на директорот*** ........................................ 66
***26. Извештај за работата на училишната библиотека*** ........................................ 67
***27. Реализирани активности за Денот на училиштето*** ........................................ 68
***(завршни манифестации 24. 10. 2020 г.)*** ........................................ 68
И оваа учебна година по повод Денот на училиштето се организираа низа активности подз аедничкото мото: - „Од детските раце за поубав свет“ ........................................ 68
Во периодот на месец октомври беа реализирани: ........................................ 68
***28. Општи заклучоци*** ........................................ 70
***29. Статистички прегледи 1-9*** ........................................ 71

## *1.За Извештајот*

ООУ „Партенија Зографски" – Кисела Вода-Скопје својата воспитно-образовна работа во учебната ***2019/2020*** година ја остварува врз основа на:

- Годишната програма за работа на училиштето,
- Наставниот план и програма за воспитно-образовната дејност за деветгодишно основно образование за учебната 2019/2020 година
- Програма за развој на училиштето и
- Концепцијата за деветгодишно основно образование.

Врз основа на наведените документи изработен е годишен извештај, кој има за цел јасно да ги отслика и презентира состојбите во остварувањето на програмските определби предвидени со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2019/2020 година.

При конципирањето и изготвувањето на овој извештај се користени прегледи, извештаи, анализи, податоци, информации, констатации, мислења и предлози утврдени во изминатиот период од учебната година, а што се евидентирани во педагошката евиденција и документација и други документи и евидентни книги.

Извештајот содржи и позначајни информации за остварувањето на активностите за сите подрачја на воспитно-образовната дејност на училиштето, а посебно ги презентира тековните состојби во рамките на остварувањето на приоритетите и резултатите во врска со успехот, поведението и редовноста на учениците во учебната 2019/20 година.

Заради поголема прегледност, извештајот е збогатен со повеќе табеларни прегледи.

# МОТИВАЦИЈА

**Стекнување европски квалитет на образование.**

## Мисија и визија

**МИСИЈА**

Нашето училиште развива и едуцира современи и здрави индивидуи кои се справуваат и ги надминуваат предизвиците на модерното живеење, ученици кои стекнуваат квалитетни, трајни знаења и навики за доживотно учење во пријателска атмосфера во која се промовира еднаквост и соживот во мултиетничко општество.

**ВИЗИЈА**

Во нашето училиште учениците ќе стекнуваат квалитетни и трајни знаења во позитивна и безбедна училишна клима во која се поттикнува чувството на припадност, соработка, толеранција и еднаквост. Со различни техники и форми на учење учениците ќе ја развиваат креативноста и ќе размислуваат критички, ќе се подигнува свеста за зачувување на животната средина и ќе се негува здрав спортски дух.
Преку соработката наставници- ученици- родители, учениците ќе се изградат во здрави личности подготвени да се справат со предизвиците на современото живеење.

## *2. Организација на животот и работата во училиштето*

ООУ „Партенија Зографски" се наоѓа на ул. „Доситеј Обрадовиќ бр. 18" во општина Кисела Вода, град Скопје.

Училиштето работи во две смени со ефективно работно време од 08.00 до 16.00 часот и од 12.00 до 16.00 часот, а учениците од целодневна настава се прифаќаат од 07.00 до 17.00 часот.
Во грејната сезона училиштето се затоплува на централно парно греење, регулирано со систем за штедење на топлинската енергија, што во целост ги задоволува потребите за извршување на дејноста. Училиштето организира исхрана на учениците од целодневна настава со појадок и ручек.

## УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Во ООУ„ Партенија Зографски" во делот на активностите во сите сегменти на секојдневното работење во период од една година, забележани се голем број активности од различен карактер.

Осигурување на училишна зграда, спортска сала и мебел на годишно ниво од сопствени средства.
- Дневно обезбедување со физичко лице „Бранител - Македонија" .

Набавка на стручна литература, и библиотечен фонд, нагледни средства
( географски и историски карти, постери ) и други неопходни потреби за реализација на наставната програма по сите наставни предмети.

Во тек се и други активности поврзани со тековното работење во училиштето за подобрување на условите за вршење на основната дејност на училиштето.

Во текот на учебната година училиштето ја реализираше својата дејност во услови кои овозможуваат квалитетна работа со учениците.

- За реализација на воспитно-образовниот процес училиштето користеше:
- 10 училници за одделенска настава,
- 9 училници за предметна настава
- Спортска сала со спортски терени во училишниот двор и рекреативни терени и училница во природа

-Училниците за одделенска настава по стандарди се опремени со мебел и наставни средства кои се во функција на возраста на учениците и програмите по одделенија.
- Сите училници за одделенска настава се опремени со телевизори и ДВД плеери,а цело училиште е приклучено на кабелска тв мрежа.
-Кабинетите во предметна настава постојано се збогатуват со дидактички средства и истите максимално се користат во наставата.
- Опремени се осум училници со нови Smart табли.
-Кабинетот по информатика е опремен со компјутерска опрема- лап топи за учениците.
- Во училиштето има достапен ИНТЕРНЕТ повремено но не во сите простории и училници.
-Во училиштето е организирана и посебена просторија за Прва помош од Црвениот Крст, каде се реализираат активности од здравствено образование.
Просторијата е соодветно опремена со фантом и опрема за прва помош.
-Кабинетот по Музичко образование е опремен со два синтисајзери и еден музички систем.
-Училиштето располага со уште 3 компјутери со печатачи распоредени во канцелариите, на директорот, на стручната служба и секретарот и еден печатач во боја донација од Советот на родители.

-Се користи и еден факс апарат за комуникација и еден копир за потребите на наставниците во просторијата на домаќинот.
-Климатизирани се следните простории: кабинет по информатика, наставничка канцеларија, канцелариите на директорот, стручната служба и секретарот.
ООУ„Партенија Зографски“ е добро опремено и до максимум ги користи техничките наставни средства и добрите услови за квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес.

**Хортикултурно уредување и тековно одржување на училишниот двор**

Засадивме нови садници:

- Садници со цвеќиња од донација ЈП„Паркови и Зеленило“ -Скопје од Советот на родители

Сето ова горе наведено, редовно и тековно се одржува и оплеменува со нови содржини.

## ПРЕГЛЕД НА РАКОВОДНО-НАСТАВНИОТ И АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ

| Реден број | Работно место | Број на работни места според нормативот |
|---|---|---|
| 1 | Директор | 1 |
| 2 | Педагог-стручен соработник | 1 |
| 3 | Психолог-стручен соработник | 1 |
| 4 | Наставници: од I до V одделение | 20 |
| 5 | Наставници: од VI до IX одделение | 19 |
| 6 | Секретар | 1 |
| 7 | Хигиеничари | 5 |
| 8 | Одржувач на објектот - хаусмајстор | 1 |
| 9 | Обезбедување на објектот градинар | 1 |
| 10 | Домаќин | 1 |
| | **ВКУПНО:** | 51 |

Директорот на училиштето активно учествува во работата на Активот на директори на ниво на општина Кисела Вода, каде организационо и стручно разменува идеи и информации за поквалитена работа на училиштето во склоп на локалната самоуправа.

Од нашето училиште двајца наставници работат и во другите училишта од општината, односно го дополнуваат 40 часовното работно време, а од други училишта пет наставници одржуваат настава во нашето училиште.

Нашето искуство со наставниците што работат во две училишта е позитивно со зголемена соработка со училиштата што придонесува за размена на искуства и поврзување на училиштата од општината и градот.

Вработените оваа учебна година беа ангажирани во посетување на екстерни обуки организирани од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

Училиштето во учебната 2019/2020 година направи многубројни манифестации според календарот на тековната учебна година на кои присуствуваа ученици, родители, наставници, стручни соработници и директори од основните училишта од Општина Кисела Вода и Скопје по разни поводи: натпревари, приредби, проекти, прослави, акции, предавања.

# УЧЕНИЦИ

Во оваа учебна ***2019/2020*** година во училиштето учеа вкупно ученици распоредени во паралелки прикажани во следната табела:

| **Одделение** | **Број на паралелки** | **Ученици Вкупно** |
|---|---|---|
| **I** | **2** | **51** |
| **II** | **2** | **50** |
| **III** | **2** | **59** |
| **IV** | **2** | **62** |
| **V** | **2** | **48** |
| **VI** | **3** | **67** |
| **VII** | **3** | **53** |
| **VIII** | **3** | **66** |
| **IX** | **2** | **36** |
| **I – IX** | **21** | **492** |

| **Одделение** | **Број на паралелки** | **Ученици Вкупно** |
|---|---|---|
| **I – V** | **10** | **270** |
| **VI – IX** | **11** | **222** |
| **I – IX** | **21** | **492** |

**Во одделенска настава се организирани 10 паралелки:**
* 8 паралелки целодневна настава: Ia, Iб, IIa, IIб, IIIa, IIIб, IVa и IVб одделение;
* 2 паралелки класична настава со продолжен престој: Va, Vб одделение.

**Во предметна настава се организирани 11 паралелки:**
*11 паралелки: VIa, VIб, VIв, VIIa, VIIб, VIIв, VIIIa, VIIIб, VIIIв, IXa и IXб одделение

Во училиштето се опфатени и деца со посебни образовни потреби:

- еден ученик во VI в одделение, еден ученик во VIII в и еден ученик во IX а одделение.

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДРАЧЈАТА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ ВО УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

Училиштето и оваа учебна година се посвети на следните подрачја на промени и даде приоритет на:

- **ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ**

Обезбедување сигурна и здрава средина за учење;

Учениците престојуваа во сигурна училишна средина организирана со служба за обезбедување, дежурство на ученици и наставници.
Големиот одмор го поминуваа во уредениот училишнен двор, каде имаат идеални услови за дружење и комуникација.
Учениците, вработените и родителите воглавно го почитуваа Куќниот ред и правилата на однесување во училиштето.
Работната дисциплина беше на високо ниво како главен предуслов за создавање на оптимални услови за одвивање на воспитно-образовниот процес.
Голема поддршка имаме и од родителите за почитување на Правилата за однесување и Куќниот ред во училиштето.

Грижа и чување на училишната зграда и инвентарот;

Во текот на оваа учебна година училишната зграда и инвентарот се добро сочувани.

Подобрување на хигиената во училиштето;

Хигиената во училиштето и личната хигиена на учениците значително се подобри со поголемо ангажирање на одделенските раководители заедно со своите ученици кои се вклучуваа во одржување на хигиената во училниците, ходниците и училишниот двор.

**Грижа за физичкото и менталното здравје на учениците;**

-Училиштето во текот на учебната година водеше перманентна грижа за физичкиот, емоционален и социјален развој на учениците.
Реализирани се содржини и активности кои го промовираат физичкото и менталното здравје во сите сегменти на училишниот живот.

## *3. СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ*

Наставата целосно се организира и реализира според наставниот план за основно образование, Законот за основно образование, Годишната програма за работа на училиштето, Програмата за развој на училиштето Самоевалуацијата како и календарот за работа на основните училишта за учебната 2019/2020 година.

### ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Секој наставник за реализација на наставата изработува годишно-глобално, тематско-процесно планирање во електронска и печатена форма и дневни подготовки кои ги изработуваат непосредно пред реалзација на секоја наставна содржина.

Директорот и стручните соработници преку своите програми за работа ги планираа и во овој период реализираа активности за педагошко-инструктивно следење и усовршување на активностите во планирање и реализација на наставата.

Во текот на целата учебна година активно и навремено се внесуваа податоци во електронскиот дневник, од страна на сите наставници.

Со Годишната програма за работа на училиштето приоритетно беше планирана реализацијата на задолжителната настава.

Во месец март со прогласување на пандемијата- Covid 19 и вонредната состојба во нашата држава од 25.03.2020 год. реализацијата на наставата се одвиваше преку далечинско учење –on line настава, при што се користеа повеќе платформи.

Наставата на далечина во I и II одделение се реализираше преку Веб страна на следниот линк http://pzografski-i-ii.com/ .

Наставата во вонредните услови во III, IV и V одделение се реализираше целосно преку изготвени неделни активности по предмети направени според неделното планирање од Годишните програми за III, IV и V одделение, а одделенските раководители ги испраќаат по e-mail на секој родител како и формирани вибер групи на ниво на одделение за комуникација и брзо соопштување на тековни информации.

Воедно учениците ги следеа и часовите од платформата ЕДУИНО, како и од ТВ УЧИЛНИЦА по препораки од одделенските раководители и стручната служба.

Преку платформата Google classroom учениците од предметна настава- од VI до IX одделение, ја следеа наставата и ги извршуваа секојдневно зададените домашни задачи и активности.

### РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

**Наставата се реализираше според наставниот план и програма** :

1. **Задолжителни наставни предмети**

Се реализираа Програмите по сите задолжителни предмети:
- за деветгодишно основно образование од I до IX одделение

2. **Изборни наставни предмети од IV до IX одделение**:

- Творештво во IV одделение
- Творештво во V одделение
- Класична култура во европската цивилизација во VI одделение

- Вештини за живеење  во VII одделение
- Проекти од информатика во VIII одделение
- Програмирање во IX одделение

### 3. Дополнителна настава

Дополнителната настава се организираше за ученици кои се соочуваа со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваа или заостануваа во совладувањето на содржините по одредени наставни предмети.

Во реализацијата на содржините се применуваа групна наставна форма, индивидуализирана настава со примена на наставни ливчиња, со задачи прилагодени на индивидуалните способности на учениците.

### 4. Додатна настава

Додатната настава се организираше за ученици кои покажуваат афинитети за одредени предмети со цел да се прошират и усовршат нивните знаења.
Резултатите од овој вид настава дојдоа до израз во квалитетот и нивото на освоените знаења на учениците, како на училишните така и на општинските и државните натпревари во знаење каде учениците постигнаа многу високи резултати.

### 5. Слободни ученички активности

Посебен придонес дадоа учениците од слободните ученички активности во одбележување на Денот на училиштето и други значајни празници со учество на приредби и други манифестации во училиштето, локалната заедница, градот и републиката.

### 6. Ученички заедници и организации

Посебно во оваа учебна година учениците учествуваа и беа ангажирани во целокупниот училишен живот, во уредувањето на училниците, училишниот двор, собирна акција за храна, за хартија, стакло и пластика и пластични капачиња.

Сите активности на училиштето се прикажани во понатамошниот текст од Извештајот во повеќе подрачја.

### 7. Воннаставни активности

#### 7.1 Извештај за реализираните активности и постигнатите резултати на учениците опфатени со програмата за воннаставни активности по предметот Граѓанско образование - АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Проектот АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА има за цел да воспостави вредносен систем во кој ке ги истакнува позитивните примери, промовирајки ги придобивките од доброто однесување и владеење.

Спротивно на ова некои луѓе сметајки одредени постапки како дел од љубезноста и учтивоста, несвесно стануваат дел од корупцијата, а има и такви кои намерно стануваат дел од овој процес примајки или нудејки корупција за постигање на определени цели.
За да се утврдат предзнаењата на учениците за корупција и антикорупција, се пристапи кон пополнување на анонимен прашалник, а на прашањето дали слушнале за корупција сите испитаници (100%) одговориле позитивно. На прашањето – Каква појава е корупцијата во однос на општеството? од понудените одговори а) позитивна, б) негативна, в) незнам , сите испитаници (100%) одговориле дека корупцијата е негативна појава.
Радува фактот дека и на останатите прашања од прашалникот (во прилог на извештајот) учениците покажаа солидни познавања за оваа негативна појава, но имаше и некои непознати поими, или недоволно јасна претстава, како и начинот за справување со корупцијата.
Тргнувајки од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците преку различни активности како предавања и вежби, работилници, презентации, филмови, дискусии и дебати, изработки на паноа, ликовни и литературни творби, играње улоги....низ призмата на мотото „Корупција - ја сечеш гранката на која што седиш," постепено ги соочуваме учениците со проблемот на корупцијата кој за жал е вкоренет во секоја пора на општеството.
Овој проект ги опфаќа учениците од осмо одделение, но поради важноста на истиот и блискоста со наставните предмети го имплементиравме во седмо одд.(Етика) и деветто одд. (Граѓанско образование).
Низ горенаведените активности ги охрабруваме достоинствено да се спротиставаат на секаков вид коруптивни активности, посочувајки ги механизмите за спречување на корупцијата, како и улогата и активностите на Државната комисија за спречување на корупција.
Со задоволство можам да констатирам дека учениците учесници во проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта" во улога на активни граѓани анализираат како и каде може да се појави корупција и како да се спречи истата, повикуваат на едукација за антикорупција, се со цел да придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество.

Одговорен наставник
Радмила Чипан

8. **Проекти:**

- ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ВЕШТИНИ НА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА"

Во периодот на две учебни години 2018/2019 и 2019/2020 во нашето училиште се спроведе програмата Вештини за адолесценција поддржана од МОН и UNODC во која беа опфатени десет училишта на ниво на Република Македонија.

Обучувачи на програмата беа наставничката по биологија Валентина Неделкова и наставничката по англиски јазик Лидија Ристовска Атанасова.

Во месец декември 2018 година беше спроведен предтест со паралелките од 7 одделение и се одреди паралелката 7а за работна група, додека паралелката 7б беше контролна.

Локалната самоуштрава и родителите беа известени за вклученоста на учениците во проектот и изразија задоволство за истиот.

Темите кои се обработуваа за време на работилниците беа поврзани со донесување одлуки, препознавање на емоциите, поставување краткорочни и долгорочни цели, се со цел зајакнување на самодовербата кај учениците и стекнување вештини за справување со предизвиците на секојдневното живеење во училиштето, но и надвор од него, како и градење на здрава индивидуа која ќе придонесе кон општеството. Работилниците беа исполнети со забавни активности, каде учениците учеа низ игра и имаа

повеќе време и мможност за дружба и за подобро меѓусебно запознавање.

Работилниците се спроведуваа во вторник после редовните часови на паралелката како вонnаставни активности. Интересот и учеството на учениците за време на работилниците беше на високо ниво.

Пост тестот беше закажан за 01.07.2020 година за учениците од 8а и 8б одделение. Учениците истиот го изработија онлајн пост тестирањето поради ситуацијата со пандемијата и затварањето на училиштата и е испратен извештај од страна на наставниците до раководството на UNODC.

**Реализатори:** Валентина Неделкова- предметен наставник по биологија
Лидија Ристовска Атанасова - предметен наставник по англиски јазик

## *4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА*

Во учебната 2019/2020 година се обрна посебно внимание на прилагодувањето и социјализацијата на учениците од прво и учениците од шесто одделение.
Сите потешкотии и проблеми што се јавија од оваа природа се надминуваа во соработка на одделенските раководители со директорот, стручните соработници и со родителите на учениците.

Во паралелките од I до III одделение учениците се оценети описно, значи тие перманетно се следат и се води документација за напредувањето и постигнувањата на учениците и ученичко портфолио како основа за описно оценување на учениците.

Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците од I до III одделение се реализираше преку формативно, микросумативно и сумативно оценување.
Прибрани се податоци и показатели за нивните активности преку: портфолија, говорни и писмени вежби, согледани се предходните знаења, искуства и вештини, работни листови по тежински нивоа, евиденциони чек листи, континуирано следење на ученикот кон работата, ангажираноста и посветеноста на учениците во работата, нивната редовност, залагање, соработка и помагање на учениците, прибрани се и податоци за нивните активности и листови за самопроценка.
Сите ученици од I до III одделение се со примерно поведение и преминаа во наредното одделение и се описно оценети.
Во паралелките од IV до IX одделение учениците се оценети бројчано и сите ученици се со примерно поведение.
Сите ученици се оценети со позитивен општ успех.
Учениците што покажаа послаб успех на полугодието беа вклучени на часовите по дополнителна настава за да ги надополнат знаењата, успешно ја следеа наставата по сите наставни предмети, а тоа може да се види од споредбената горенаведена табела, од средниот успех на учениците во последните три години на крајот на учебната година.
Сите ученици од I до IX одделение ја завршија учебната година со примерно поведение.
Сите проблеми што се јавуваа во однос на однесувањето на учениците навремено се решаваа во соработка со учениците, одделенските раководители, родителите, педагогот и директорот на училиштето.
Постигнатиот општ успех е прикажан во **ПРЕГЛЕД - 9** во прилог на извештајот.

## *5. ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ, ОСПОСОБУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР*

Се посетија обуки организирани од МОН, БРО како  и надлежните установи:

- Обука со наставниците од  I одд. и тандем наставник по предметот Физичко и здравствено образование
- „Оценувањето-основа за унапредување и зајакнување на учењето во воспитно-образовниот процес„- обука за наставници организирана од Business i Consulting-INTERNATIONAL во Струга
- Модуларен онлајн курс „Дислексија“:Основи, препознавање и подршка“ во времетраење од 16 часа организиран од Здружение за дислексија „Ајнштајн“
- Обуката за наставниците по англиски и  германски јазик за новите наставни програми- он-лајн на платформата Zoom
- Обука „Јакнење на емоционалните компетенции на наставниците како фактор за развивање на емоционалната интелегенција на учениците“ организирана од Институт за Бизнис и Менаѓмент Хајделберг посетена од стручен соработник-педагог
- Обука за наставници MS Teams for Education организирана од Семос
- Обука „Вовед до Еразмус+ фондови и анализа на процесот на аплицирање за грант“ –организирана од ИНК ДООЕЛ Скопје посетена од Тим за професионален развој

## *6. УЧЕНИЦИ ЗА ПОФАЛБА*

Наставничкиот совет, по предлог на одделенските раководители, ги пофали следните ученици за совесно и успешно извршување на сите ученички обврски во текот на учебната 2019/2020 година. Учениците од IX одделение добија **Признанија за континуиран одличен успех и афирмирање на училиштето во наставните и вonнаставните активности во генерацијата 2011-2020 година.**

| Ред.број | Име и презиме на ученикот | Одделение/паралелка |
|---|---|---|
| 1. | Дамјан Волканов | VI а |
| 2. | Дамјан Лутовски | VI а |
| 3. | Иван Пеневски | VI а |
| 4. | Емил Манчев | VI а |
| 5. | Александра Костовска | VI а |
| 6. | Јана Младеновска | VI а |
| 7. | Теона Радинска | VI б |
| 8. | Мила Велковска | VI б |
| 9. | Филип Стојчевски | VI б |
| 10. | Христијан Јефтиќ | VI б |
| 11. | Ања Стојчевска | VI б |
| 12. | Билјана Младеновиќ | VI б |
| 13. | Ива Алексоска | VI в |
| 14. | Марија Гулева | VI в |
| 15. | Лина Тодоровска | VI в |
| 16. | Софија Антова | VIIа |
| 17. | Ивана Николова | VIIа |
| 18. | Јана Атанасова | VIIа |
| 19. | Ања Дончевска | VIIа |
| 20. | Ива Богдановска | VIIа |
| 21. | Ива Аврамоска | VIIб |
| 22. | Антониа Илиева | VIIб |
| 23. | Јана Илиевска | VIIб |
| 24. | Иван Илиевски | VIIб |
| 25. | Лука Најдовски | VIIб |
| 26. | Љупка Огњановска | VIIб |
| 27. | Александар Сасански | VIIб |
| 28. | Ивана Трпеска | VIIб |
| 29. | Ангела Трпеска | VIIб |
| 30. | Луна Ангеловска | VIIв |
| 31. | Ања Ангелова | VIIв |
| 32. | Марија Ѓорѓиовска | VIIIа |
| 33. | Галина Исајловска | VIIIа |
| 34. | Драган Јанкоски | VIIIа |
| 35. | Тамара Лазаровска | VIIIа |
| 36. | Ивана Станкова | VIIIа |
| 37. | Ристе Стојанов | VIIIа |
| 38. | Христина Николовска | VIIIб |

| | | |
|---|---|---|
| 39. | Елена Ангеловска | VIIIб |
| 40. | Јана Петрушевска | VIIIб |
| 41. | Мартин Индов | VIIIб |
| 42. | Марко Николовски | VIIIб |
| 43. | Никита Крковски | VIIIб |
| 44. | Максим Ѓеоргиев | VIIIб |
| 45. | Стефи Ацевска | VIIIв |
| 46. | Ана Марија Димитровска | VIIIв |
| 47. | Стефан Блажевски | VIIIв |
| 48. | Марија Данева | VIIIв |
| 49. | Василија Зафирова | VIIIв |
| 50. | Ивона Стеваноска | VIIIв |
| 51. | Јана Данчева | VIIIв |
| 52. | Мартина Ангеловска | IXа |
| 53. | Лука Андреев | IXа |
| 54. | Никола Николов | IXа |
| 55. | Мила Поповиќ | IXа |
| 56. | Јана Милчевска | IXа |
| 57. | Теодора Тантуровска | IXб |
| 58. | Ана Марија Балкански | IXб |
| 59. | Мирна Павловски | IXб |

## РЕДОВНОСТ И РАБОТНА ДИСЦИПЛИНА

За време на наставата во учебната 2019/2020 година учениците беа редовни.
Оправданите отсуства се повеќе поради болест на учениците.
Работната дисциплина беше на задоволително ниво, работните денови течеа според распоредот на часови и слободни ученички активности.
Бројот на изостаноци е прикажан во **ПРЕГЛЕД 4** во прилог на Извештајот.

## *7. Реализација на работата на стручните органи*

### *НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ*

Наставничкиот совет на состаноците ги реализира следните активности:

- Подготовки и организација на наставата и вонннаставните активности
- Организација на активности за Прославата на Денот на училиштето
- Распоредување на наставни часови по Наставниот план и програма
- Усвојување на Годишна програма за работа на училиштето
- Усвојување на Годишен извештај за работа на училиштето
- Разгледување на Законот за основно образование
- Анализа на постигањата на учениците на првото тримесечие, првото полугодие, третото тримесечие и на крајот на учебната година
- Утврдување на Награди и педагошки мерки на учениците
- Презентации на проекти и програми по одржани обуки-педагог и наставници
- Организирање Интерни обуки за наставници
- Уписна политика- Комисии, активности, информации за уписот во прво одделение
- Информации од одржани родителски состаноци
- Информации од работата на Одделенските совети
- Информации од работата на Советот на родители
- Информации од работата на Училишниот одбор
- Организација на Работилници и продажни изложби
- Презентација на „Меѓуетничка интеграција во образованието“
- Презентација на „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“
- Организација и анализа на училишни активности
  -одбележување на празници, приредби, манифестации, натпревари и изложби

### *РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНСКИ СОВЕТИ*

***-Совет на одделенски наставници***
***- Совет на предметни наставници***

Одржани се по четири состаноци на Одделенските совети на кои се разгледани:

- Постигањата и поведението на учениците во првото тримесечие од учебната 2019/2020;
- Постигањата и поведението на учениците во првото полугодие од учебната 2019/2020;
- Постигањата и поведението на учениците во третото тримесечие од учебната 2019/2020 и

- Постигањата и поведението на учениците на крајот на учебната 2019/2020 година
- Реализацијата на наставните програми,
- Унапредување и водење на педагошка евиденција и документација,
- Организација на родителските состаноци и соопштување на постигањата на учениците.
- Организирање поддршка на ученици кои напредуваат и ученици кои имаат проблеми во постигањата

## *8. Извештај за работата на стручниот актив на одделенски наставници*

Стручниот актив на одделенски наставници го сочинуваат сите оделенски наставници, педагогот, психологот и директорот на училиштето

| | |
|---|---|
| I одделение | Билјана Јовановска ,Катерина Младеновска<br>Верица Николовска,Милица Миноска |
| II одделение | Халед Никовски, Ирена Србиновска<br>Соња Панова , Маријана Крстеска |
| III одделение | Весна Т.Унковска Елизабета Илиеска<br>Александра Атанасовска Соња Здравеска |
| IV одделение | Сузана Никушевска Светлана Здравеска<br>Софија Савинова Јасмина Стефановска |
| V одделение | Виолета Павловска ,Зорица Мартиновска,<br>Ајша Оскакач ,Соња Игњевска |

**Педагог**- Марина Георгиевска – Крстевски
**Психолог-** Јасмина Дечков
**Директор**-Стефче Василевски
**Одговорен наставник**-Александра Атанасовска
**Цел** -Унапредување и осовременување на воспитно образовниот процес,стручно усовршување, разменување искуства и зајакнување на соработката со родителите.Овие поставени цели се реализираа во целост се до прекинот на наставата на 11.03.2020 и прогласувањето на пандемијата.
Приоритети се реализираа:
-Унапредување и осовременување на наставата
-Вклучување во проектни активности
-За остварување на целта и приоритетите стручниот актив на оделенски наставници одржуваше редовно состаноци,се разменуваа искуства, ги следевме тековните промени во образованието учествувавме во организирање на активности и манифестации во училиштето и локалната средина.
Во учебната 2019-2020 година активот соработуваше со:
-Стручниот актив на предметна настава
-Секторот за образование,култура,спорт и млади на Општина Кисела Вода
-Предучилишни установи и основни училишта од општината Кисела Вода
-Месна заедница-Цветан Димов
-Невладини организации во општината

-Општинска организација на Црвениот Крст-Кисела Вода и град Скопје
-БРО и други институции

За унапредување и осовременување на воспитно образовниот процес активот реализираше четири стручни предавања во форма на работилници:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наставникот едукатор ,креатор и творец на наставниот процес | Сузана Никушевска Светлана Здравеска | Наставникот како фактор за квалитетна работа во училиштето | Октомври |
| Дислексија | Виолета Павловска Ајша Оскакач | Откривање на причините за дислексија и справување со последиците | Ноември |
| Фактори кои влијаат на успешното учење | Александра Атанасовска Елизабета Илиевска | Да се поттикнат учениците правилно и квалитетно да учат | Јануари |
| Клучните карактеристики на наставникот | Јасмина Стефановска Софија Савинова | Наставникот и неговите карактеристики како фактор за квалитетна настава | Март |

**Во текот на учебната година беа реализирани три отворени часа**

| Одделение | Наставен предмет | Наставна содржина | цел | реализатор | време |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 то одд. | Природни науки | „Исхрана“ | Да знае за животните процеси кои се заеднички за луѓето и животните | Весна Т.Унковска | Септември |
| 3 то одд. | Математика | ,,Го чита времето на аналогни и дигитални часовници,, | Ги знае и ги разбира единиците мерки за време - час и минута.Го чита времето на аналогни и дигитални часовници. | Соња Здравеска | Декември |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2-то одд. | Македонски јазик | Обработка на малите и големите ракописни букви Б и У | Да се оспособи да пишува зборови со ракописни букви | Ирена Србиновска | Февруари |
| 1 во одд. | Природни науки | Делови на растенија | Да се запознаат учениците со деловите на растенијата и нивната функција | Милица Миновска | Април |

**Забелешка** :Отворениот час кој беше планиран за во месец април од страна на колешката Милица Миновска не беше одржан порани новонастанатата состојба.

Во текот на учебната 2019/20 година беа остварени следниве посети:
**Кино претстави**- претстава „Песноден“
**Театарски претстави -** Новогодишна претстава во училиштето„Нова година“
**Музеј**-Посета на Природно-научниот Музеј
**Македонска опера и балет**-Балетска претстава „Петар Пан“
**Посета на изложба во НЛБ Тутунска банка на 30.10.2019-ученици од II и III** одд.„Ја истражуваме вселената со Тиби и Штуки“по повод месецот на штедење
**Забелешка** Останатите планирани посети и екскурзи во активите на одделенска настава не се реализираа поради прекинот на наставата и прогласувањето на пандемијата.

## *9. Годишен извештај на Активот на јазична група на предметни наставници*

Активот на предметни наставници во текот на учебната 2019/2020 год. ја изготви годишната програмата во месец септември. По направените консултации на ден 22.11.2019 год. со ДПИ од МОН, на ден 25.11.2019 год. свика состанок на кој се формираше Актив на јазична група на предмети.

**Јазичниот стручен актив го сочинуваат предметните наставници:**

1.Васка Николова – Икономова – Македонски јазик
2. Софија Лазова – Македонски јазик
3. Светлана Велјановска – Македонски јазик
4.Лидија Ристовска – Англиски јазик
5. Соња Николова – Крковска – Англиски јазик
6. Емилија Тренчевска - Англиски јазик
7.Марија Николовска – Германски јазик

**Цели и предвидени исходи:**

Воспитнообразовниот процес во основното образование се унапредува со постојана комуникација и унапредување на сознанијата и размена на истите помеѓу наставниот кадар што ја изведува наставата. При реализација на предвидените активности се зголемува можноста да се споделат своите и искуствата на соработниците. При тоа секој наставник има можност да го вгради искуството во изведувањето на наставата од својот наставен предмет.

- Реализација на проекти за подобрување на условите за работа, како и подобрување на ефективноста и квалитетот на наставата

- Прилагодување на условите за работа и воспитно-образовниот процес кон новиот концепт на деветгодишно основно образование

- Синхронизирање на наставните планови и програми

- Подобрување на квалитетот и ефективноста на наставата

- Подобрување на постигањата на учениците, трајност на знаењата и оспособување за живот на ученичката популација

- Континуирана соработка со Ативот на оштествени и природно-математички група на предмети, како и со Активот на одделенски наставници со состаноци за пренесување на информации и новитети во наставниот процес.

**Во текот на учебната година беа реализирани темите предвидени со програмата во термин од месецот прилагоден со распоредот на наставниците кои изведуваат часови и во второ училиште. Секој месец се предвидуваат средби на наставниците за тековните проблеми, донесување на заеднички став и новонастанати состојби во текот на работните недели. Со воведување на вонредната состојба во месец март 2020 год, наставниците од Активот на јазична група на предмети, своите презентации и обработени теми ги споделуваа онлине.**

| **Ред. Број** | **Име и презиме** | **Предмет** | **Наслов** | **Дата** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Васка Николова-Икономова | Македонски ј. | Измените во Правописот на македонскиот литературен јазик. | Март 2020год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Софија Лазовска | Македонски ј. | Домашната задача како значајна компонента во наставата по предметот Македонски јазик. | Декември 2020 год. |
| 3. | Соња Н.-Крковска | Англиски јазик | Отворен час:<br>Презенација на граматички структури:can/can,t/must/mustn,t | Мај<br>2020 год. |
| 4. | Лидија Ристовска Атанасова | Англиски јазик | Критичко (креативно) размислување  во наставниот процес и решавање на проблеми. | Ноември 2019 год. |
| 5. | Лидија Ристовска Атанасова | Англиски јазик | Консолидирање на Unit 6 и самоевалуација – отворен час 8 одд, | Февруари 2020 год. |
| 6. | Марија Николовска | Германски јазик | Сувенирите како културно наследство на народите. | Април<br>2020 год. |
| 7. | Сите предметни наставници од Јазичниот актив | Македонски јазик<br>Англиски јазик<br>Германски јазик | Самоевалуација на посигнатите резултати во учебнаа 2019/2020 год. | Јуни<br>2019 год. |

Во текот на учебната 2019/2020 година ќе беа изведени повеќе посети на објекти и институции зависно од можностите и потребите на воспитно-образовниот процес до месец март кога се прогласи вонредната состојба во државата.

Одговорен наставник:<br>
Васка Николова Икономова

## *10. Годишен извештај  на Активот   на општествената група на предметни наставници*

Активот на предметни наставници во текот на учебната 2019/2020 год. ја  изготви годишната програмата  во месец септември. По направените консултации  на ден  22.11.2019  год. со ДПИ  од МОН,

на ден 25.11.2019 год.  свика состанок на кој се  формираше Актив на општествената група на предмети.

## Општествениот стручен актив го сочинуваат предметните наставници:

1.Соња Богатиноска-Техничко образование
2. Мартин Мартиновски-Физичко и здравствено образование
3. Даниел Бојчевиќ-Физичко и здравствено образование
4.Радица Чипан-Граѓанско образование
5. Горан Трифуновски-Историја
6. Јулијана Арсовска-Ликовно образование
7.Орце Лазаров-Музичко образование
8.Филип Петрески-Музичко образование

**Цели и предвидени исходи:**

Воспитнообразовниот  процес во основното образование се унапредува со  постојана комуникација и унапредување на сознанијата и размена на истите помеѓу наставниот кадар што  ја изведува наставата. При реализација на предвидените активности се зголемува можноста да се споделат своите и искуствата на соработниците. При тоа секој наставник има можност да го вгради искуството во изведувањето на наставата од својот наставен предмет.

- Реализација на проекти за подобрување на условите за работа, како и подобрување на ефективноста и квалитетот на наставата

- Прилагодување на условите за работа и воспитно-образовниот процес кон новиот концепт на деветгодишно основно образование

- Синхронизирање на наставните  планови и програми

- Подобрување на квалитетот и ефективноста на наставата

- Подобрување на постигањата на учениците, трајност на знаењата и оспособување за живот на ученичката популација

- Континуирана соработка со Ативот на јазичната и природно-математичка група на предмети, како и со Активот на одделенски наставници со состаноци за пренесување на информации и новитети во наставниот процес.

**Во текот на учебната година беа реализирани темите предвидени со програмата во термин од месецот прилагоден со распоредот на наставниците кои изведуваат часови и во второ училиште. Секој месец се предвидуваат средби на наставниците за тековните проблеми,  донесување на заеднички став и новонастанати состојби во текот на работните недели. Со воведување на вонредната состојба во месец март 2020 год, наставниците од Активот на општествената група на предмети, своите презентации и обработени теми ги споделуваа online.**

| Ред. Број | Име и презиме | Предмет | Наслов | Дата | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Соња Богатиноска | Техничко образование | Фактори кои влијаат на безбедноста во сообраќајот | Октомври 2019год. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Мартин Мартиновски | Физичко и здравствено образование | Спорт и здравје | Ноември 2019 год. | |
| 3. | Даниел Бојчевиќ | Физичко и здравствено образование | Значење на физичката активност за умствениот развој кај децата | Декември 2019 год. | |
| 4. | Радица Чипан | Граѓанско образование | Чесноста-предизвик на современото живеење | Јануари 2020 год. | |
| 5. | Горан Трифуновски | Историја | Причини,последици и тек на Втората светска војна | Февруари 2020 год. | |
| 6. | Јулијана Арсовска | Ликовно образование | Композиција на цртеж со тема ,,Мртва природа,, | Март 2020 год. | |
| 7. | Орце Лазаров | Музичко образование | Преработка на македонски народни песни | Април 2020 год | |
| 8. | Филип Петрески | Музичко образование | Видови ансамбли | Мај 2020 год | |

Во текот на учебната 2019/2020 година ќе беа изведени повеќе посети на објекти и институции зависно од можностите и потребите на воспитно-образовниот процес до месец март кога се прогласи вонредната состојба во државата.

Одговорен наставник:
. Соња Богатиноска

## *11. Извештај за работата на природно-математички актив*

1.Се направи програма за работа на стручниот актив и се формираше база на податоци во електронска форма .

2. Се постигна договор за употреба на различни адаптирани функционални наставни листови за работа и оценувањеза децата со посебни образовни потреби.
3. При подготовка на програмата беа земени во предвид различни искуства и совет од претходните учебни години се со цел поефикасно и поцелисходно работење на активот.
4. Се постигна договор за работа со групата ученици со ИОП.
5. Се изработија критериуми за оценување и проверка на знаењата на учениците на ниво на актив и запознавање на учениците со нив.
6.Се постигна договор за имплементирање и усогласување на стандардите за оценување на знаењата на учениците.
7. Се анализираше постигнатиот успех на учениците после првото тримесечие за уцебната 2019/20 год.
8. Се одбраа талентирани и надарени ученици по природната група на предмети без основа на покажаните афинитети интерес и постигнувања на учениците во рамките на одделението или во формираните секции по соодветните предмети.
9, Се постигна договор за работа со групите на надарени ученици .Во однос на ова беа одржани додатни цасови со учениците со нивните предметни наставници.
10. Се изработи критериум за оценување и проверка на знаењето на учениците на ниво на актив и запознавање на учениците со нив.
11. Се спроведоа училишни натпревари по соодветните предмети се со цел доследно претставување на нашето училиште на општинските натпревари.
12. Се постигне договор за работа со групите на надарени ученици квалификувани после училишните натпревари за нивно понатамошно усовАршување и спремање за понатамошни натпреварувања.
13. Активот го разгледа и анализира успехот на учениците во првото полугодие во учебната 2019/2020 година.
14. На почеток од второто полугодие се постигне договор за избор и распределба на наставници и ученици за посета на "Природно- математички-от факултет". Но поради настанатата ситуација и прогласената пандемија од новиот вирус истата не беше реализирана.

Во горенаведените активности земаа учество сите наставници кои се во рамките на овој актив, а стратегијата за работа се утврдувше преку низа дискусии, консултации и работилници се со цел да се постигнат подобри резултати.
Активот имаше континуитет во работата до март 2020 год.каде поради новонастанатата ситуација со пандемијата на новиот вирус сите дискусии и консултации беа преку online комуникација.

.

Одговорен наставник
Ребека Андреева

## *12. Годишен извештај за работата на ученичкиот парламент*

Земајки ги в предвид измените во законот за основно образование. а во склад со годишната програма за работа на УП, во текот на месец Септември 2019 год. (на првиот состанок) учениците иницираа критериуми за избор на претседателство на ученичката заедница со цел истото да се избере на транспарентен начин и почитување на процедурите.

Со приложување на CV и усно претставување на кандидатите, раководството беше избрано на фер и демократски начин.

Оваа учебна година за интересите на учениците се грижи и залага и ученичкиот правобранител, а планирана беше и посета на Јавениот правобранител, која за жал не се оствари (поради познатите околности)

Голем број ученици земаа активно учество во креирањето на активностите по повод Патрониот празник на училиштето со свои предлози, идеи и ставови., за што беа пофалени и охрабрени од наставниците, стручната служба и директорот.

Вреди да се спомене и дискусијата за верските празници , и за тоа колку ја познаваме религијата (нашата и туѓата) со цел да се разбере дека многу од пораките во религиозните списи, се всушност етички пораки

Учениците ги соочуваме со важноста на демократското однесување кое треба да е вкоренето во секоја пора на општеството, вклучително и училиштето кое треба да биде место каде се развива чувството за одговорност.

Во училиштето недоразбирањата се решат со разговор на ненасилен начин, и никој не е изложен на понижување и казна.

Учениците во улога на активни граѓани со сопствени идеи,вклученост во одлучувањето, планирањето и реализацијата на одбележувањето на Нова година , организираа новогодишна забава во училишната сала со што го развиваат другарството, соработката и меѓусебното помагање, се едуцираат и придонесуваат за развојот на граѓанската култура во современото општество.

Поради важноста за подигнување на свеста за здрава и чиста средина ја поддржавме иницијативата “Не биди ѓубре“

Направивме обид (напишавме писмо) до градоначалникот за заедничко дејствување (за решавање на предизвикот со сметот ) но и оваа иницијатива остана да ја реализираме во следната учебна година.

Како недоволно развиена активност во изминатата учебна година би ја издвоила улогата на училишните медиуми (училишен весник, училишно радио, интернет портал)

Ги охрабруваме учениците да даваат предлози, иницираат решенија на констатираните предизвици, да се спротиставаат на секое неетичко однесување, да се залагаат за неприкосновено почитување на личноста, за што Училиштето дава безрезервна поддршка.

Одговорен наставник
Радмила Чипан

## *13. Годишен извештај за работата на Детската организација*

Тргнувајќи од слоганот “Вложување во децата е вложување во иднината” во нашето училиште во текот на учебната 2019/2020 г.според изработената програма за работа на Детската организација, беа организирани и реализирани разни форми и содржини за работа, со цел учениците да се запознаат со своите права и обврски како дел од демократското општество во кое живеат и добро да се подготват за предизвиците и промените со кои ке се судрат во иднина.

Сите активности кои беа предвидени според програмата до месец Март беа целосно и успешно реализирани.

Како и секоја учебна година, така и оваа година по повод ДЕТСКАТА НЕДЕЛА 2019г. во согласност со наставните програми по сите предмети од 1-5 одд. во нашето училиште, беа реализирани повеќе активности кои се реализираа во текот на целата недела .

Учениците од 1 одд. ја посетија поштата која се наоѓа во непосредна околина на училиштето

Учениците од 2 одд. и 3 одд. тимски изработуваа плакати со Правата и Должностите на учениците кои беа изложени во холот на училиштето

Учениците од 3 одд. ја посетија Националната и Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“-Скопје

Учениците од 4 одд. го посетија Природно-научниот музеј

Учениците од 5 одд. изработија плакат со одредбите од Конвенцијата за правата на детето, со што го одбележавме Светскиот ден на детето.

Исто така сите ученици од нашето училиште беа вклучени во активности за уредување на паноата и холовите во училиштето, како и на училишниот двор, спортските терени и игралишта и училницата во природа, се со цел сите да придонесат за поубава и почиста средина и да се подготват за одговорен живот, во дух на соработка, помагање, другарување.

Круната на сите овие активности беше приредбата со мото „Имаме право на среќно детство“, кога нашите првоодделенци свечено пристапија во Детската организација и го дадоа своето ветување.

Заради вонредната ситуација во нашата земја –појавата на вирусот Ковид 19 за жал останатите активности до крајот на учебната година не беа реализирани како што беа замислени. Се надеваме дека со започнувањето на новата учебна година сето ова ке биде надокнадено на соодветен начин.

**Координатор :**
Весна Т.Унковска

## *14. Извештај од имплементација на проектот за меѓуетничка интеграција МИО*

Реализацијата на проектот се одвиваше и оваа учебна година согласно планот и програмата, но со одредени измени поради новонастанатата ситуација во месец март.
Во учебната 2019/20 год., во однос присуство на МИО содржини, тековно се реализираа предвидените самостојни мултикултурни работилници за време на одделенските часови со Животни вештини како и интегрирани МИО содржини за време на часовите од редовна настава, онаму каде што има допирни точки и каде дозволува содржината на темата што се изучува.
На почетокот на учебната година наставниците, секој во својот домен, имаат изработен план за реализирање на самостојни мултикултурни работилници во рамките на годишните и тематските планирања и истите беа уредно доставени до координаторот на проектот.
Според насоките на менторот на училиштето, предвидено наставниците да планираат и реализираат МИО содржини во вид на самостојни мултикултурни работилници во училиштето, од причина што партнер училиштето, "Фаик Коница" се наоѓа во село Дебреше, Гостивар и финансиските можности не дозволуваат реализација на почести заеднички средби .
Членовите на СИТот во проширен состав одржуваат постојана телефонска комуникација со колегите од партнер училиштето, функционира и посебна viber група за размена на искуства, информации и идеи.
На ден 24.09.2019 во просториите на нашето училиште дојде работна група од три наставници, повторно за разгледување можности за грант за финансиски средства за реализација на заеднички средби со ученици од двете училишта.



Целта на средбата конкретно, беше да се разменат информации , да се поделат задачите за пополнување на апликацијата "Градиме Мостови" за грант од 7000 евра, за кои "Фаик Коница" се носители. Презентираа до каде се со апликацијата и кои информации им се потребни за да продолжат. Се дискутираше дека доколку не се успее со апликацијата до дадениот рок, информмациите ќе послужат за следниот ; со оглед на големината и содржината на апликацијата, како и да се најде начин за заедничка средба со ученици.



Во месец октомври  се укажа можност за заедничка апликација за мал грант. Истата беше  обезбедена од страна на МОН после инструкциите дадени од нивна страна на информативната обука на која присуствувавме во хотел  Континентал во Скопје.
Во текот на месец ноември бевме во постојана телефонска комуникација со наставниците од ОУ *Фаик Коница,* разгледувавме и планиравме заеднички и паралелно работевме  на апликацијата за мал грант, која опфаќа заедничко и истовремено поднесување барање за грант,од страна на двете училишта,и  базирано на добро разработен план за заеднички средби.
Апликацијата и изработката на планот за остварување на 3  заеднички средби со ученици беше успешно направена и во месец јануари, 2020 истата беше одобрена од МОН, и со тоа обезбедена целосна финансиска поддршка за реализација. Првата средба беше планирана за месец мај, 2020 година.
Развојот на настаните ги одложи средбите за оваа година, но планираните активности остануваат, со надеж дека следната учебна година ќе има можност за  нивно остварување.

Координатор за МИО
Соња Н. Крковска

## *15. Извештај за поврзување на ЕКО-програмата со наставната програма*

- **одделенска настава**

Како и што беше планирано во периодот од септември па до крајот на учебната година целите на Еко-беа во целост реализирани,а тоа се- развивање на еколошка свест за здрава животна средина кај децата, разбирање на зборот екологија на начин достапен за нивната возраст (економично –штедливо користење на се што ни дала природата). Учениците научија како може да се заштити природата од загадување. Преку реализираните активностите учениците создадаваа навики за уредување и одржување на здрава животна средина. Во прилог активности со прегледност по предмети и одделенија:

Вода
1. Значење на водата за живиот свет ЗО/Прво,второ
2. Извори на вода и нивна искористеност ЗО/Трето
3. Загадување на водата Ликовно образование/Второ
4. Рационално користење на водата Македонски јазик/Петто
5. Обезбедување на техничка вода
6. Здрава вода за пиење Македонски јазик/Второ
7. Собирање и употреба на дождовница
8. Анализа на состојбата на водоводната инсталација
9. Изработка на упатства за рационално користење на водата Ликовно образование/Четврто
10. Подигање на свеста на пошироката заедница (домот, локалната заедница и сл.) Ликовно образование/Петто
11. Дистрибуција на водата
12. Водата и климатските промени ЗО/Прво
Уредување на дворот
1. Важноста на дворот ЗО/Прво,второ
2. Биодиверзитетот во дворот Природни науки/Петто
3. Анализа на функционалноста на дворот
4. Важноста на хигиената во дворот Ликовно образование
Македонски јазик третто/четврто/петто
5. Подигање на свеста на пошироката заедница за хигиената во дворот ЗО/Второ
6. Изработка на упатства за одржување на дворот Ликовно/ЗО/Четврто
7. Наводнување на зелени површини ФЗО/Второ
8. Хортикултурално уредување ЗО/Прво,второ
9. Компост и компостирање

Отпад
1. Видови отпад ЗО/ Прво,второ,трето
2. Анализа на отпадот во зградата и дворот ЗО/ Второ
3. Селекција на отпад математика Македонски јазик/трето / петто
4. Рециклирање ЗО/Второ
5. Реупотреба
6. Депонии и диви депонии
7. Влијанието на отпадот врз здравјето и средината ЗО/Второ
8. Подигање на свеста на пошироката заедница за управување со отпад Одделенски час/Трето,четврто
9. Изработка на упатства за управување со отпад
10. Анализа на состојбата со отпадот во зградата и дворот математика/четврто
11. План за намалување на отпадот

Биодиверзитет

1. Локален и национален биодиверзитет ЗО/Второ
2. Анализа на биодиверзитетот во локалната средина Македонски јазик/Трето
3. Еколошки акции ЗО Физичко и здравствено образование/второ /петто
4. Влијанието на човекот врз биодиверзитетот Македонски јазик Трето
5. Влијанието на климатските промени врз биодиверзитетот Работа со компјутери Четврто
6. Подигање на свеста на пошироката заедница за локалниот биодиверзитет
7. Влијанието на отпадот врз биодиверзитетот
8. Изработка на упатства за заштита на биодиверзитетот Македонски/ликовно Второ

Транспорт

1. Видови транспорт ЗО/второ трето
2. Влијанието на транспортот врз здравјето
3. Влијанието на транспортот врз средината
4. Анализа на состојбата на локалниот транспорт
5. Транспортот и безбедноста Ликовно образование/Второ
6. Подигање на свеста на пошироката заедница за користење на јавен превоз и велосипед Македонски/ ЗО/Трето

Здравје

1. Органска храна ЗО/Прво,второ,трето
2. Органско производство
3. Квалитет на храна и нутриционизам Ликовно образование/трето
4. Пирамида на исхрана математика/Петто
5. Влијанието на физичката активност врз здравјето Физичко и здравствено образование/Четврто
6. Влијанието на храната врз здравјето ЗО/Второ
7. Подигање на свеста на пошироката заедница за користење здрава храна ЗО/Второ
8. Изработка на упатства за користење на здрава храна

Одржлив развој

1. Дефиниција и значење на одржливиот развој
2. Важност од зачувување на природните живеалишта Музичко образование Општество/второ четврто
3. Локална, национална и глобална нееднаквост Општество/Петто
4. Социјална правда ОЖВ/Трето
5. Рационално користење на природните ресурси
6. Одговорност кон животната средина македонски/Второ
7. Одговорна и рационална потрошувачка
8. Подигање на свеста на пошироката заедница за граѓански активизам
9. Дефиниција и значење на одржливиот развој

Напомена-Со отпочнувањето на онлајн наставата сите содржини се реализирани по електронски пат.

Одговорен наставник

Маријана Крстеска

- **предметна настава**

Еко-програмата за предметна настава е целосно реализирана во текот на учебната 2019/2020 година. Со поврзување на содржините според наставниот план и програма за работа и еколошките содржини за предметна настава, еко-програмата е успешно спроведена во наставата.

**ТЕМА 1: Вода**

| Наставен предмет | Време на реализација |
|---|---|
| Македонскијазик | септември, октомври, ноември, декември |
| Историја | септември |
| Природни науки | октомври |
| Хемија | февруари |
| Математика | мај |

**ТЕМА 2: Енергија**

| Наставен предмет | Време на реализација |
|---|---|
| Англиски јазик | ноември |
| Физика | ноември |
| Македонски јазик | декември |
| Биологија | февруари |
| Техничко образование | април, февруари |

**ТЕМА 3: Одржување на зградата и здрава средина во училиштето**

| Наставен предмет | Време на реализација |
|---|---|
| Англиски јазик | септември |
| Природни науки | февруари |
| Етика | февруари |
| Математика | април |
| Географија | мај |
| Хемија | мај |

**ТЕМА 4: Уреден двор**

| Наставен предмет | Време на реализација |
|---|---|
| Биологија | март |
| Математика | април |
| Англиски јазик | мај |

**ТЕМА 5: Отпад**

| Наставен предмет | Време на реализација |
|---|---|
| Хемија | ноември, март |
| Математика | декември |
| Физичко и здравствено образование | мај |

**ТЕМА 6: Биодиверзитет**

| Наставен предмет | Време на реализација |
|---|---|
| Македонски јазик | октомври, март |
| Биологија | април, мај, јуни |
| Хемија | март |

**ТЕМА 7: Транспорт**

| Наставен предмат | Време на реализација |
|---|---|
| Математика | април |
| Географија | мај |

**ТЕМА 8: Здравје**

| Наставен предмет | Време на реализација |
|---|---|
| Физичко и здравствено образование | септември |
| Биологија | октомври |
| Англиски јазик | ноември, декември |
| Вештини на живеење | декември |
| Хемија | декември |

**ТЕМА 9: Одржлив развој**

| Наставен предмет | Време на реализација |
|---|---|
| Географија | ноември |
| Англиски јазик | ноември |
| Математика | мај |
| Граѓанско образование | мај |

Одговорен наставник:
Марина Трајковска

## *16. Извештај за реализирани натпревари*

Оваа учебна година **не беше** реализирана во целост програмата за НАТПРЕВАРИ.

Причина за тоа беше пандемијата со COVID-19.

Пред почетокот на пандемијата беа реализирани следниве активности:

- **По предметот математика**

**( Одговорни наставници Влатко Станоески , Весна Димова, Билјана Р Грујовска )**

Беа одржани училишни натпревари, по кои учениците кои освоија први три места се стекнаа со право на учество во општински натпревари . На истиот се здобија со завидни резултати.

**Учесници на Општински Натпревар по математика**
**Партенија Зографски**
**Место и време на одржување**
**ООУ Кузман Шапкарев**
**29.02.2020год.**
**Список на ученици за општински натпревар**

| Ред. број | Име и презиме | одд. | Ментор | награда |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Калин Арсовски | **4** | Сузана Никушевска<br>Светлана Здравеска | |
| 2 | Константин Поповски | **4** | Софија Савинова<br>Јасмина Стефаноска | |
| 3 | Ема Цветкоска | **5** | Виолета Павловска | **2** |
| 4 | Мартин Шикалески | **5** | Ајша Оскакач | **3** |
| 5 | Ања Стојчевска | **6** | Билјана Р. Грујовска | **2** |
| 6 | Теа Апостоловска | **6** | Билјана Р. Грујовска | **2** |
| 7 | Ангел Трајковски | **6** | Влатко Станоески | **3** |
| 8 | Анастасија Јовановска | **6** | Влатко Станоески | **/** |
| 9 | Ивана Николова | **7** | Влатко Станоески | **2** |
| 10 | Петар Мицевски | **7** | Влатко Станоески | |
| 11 | Катја Исајловска | **7** | Влатко Станоески | **/** |
| 12 | Иван Илијевски | **7** | Влатко Станоески | **2** |
| 13 | Драган Јанкоски | **8** | Весна Димова | **2** |
| 14 | Марко Симеонов | **8** | Весна Димова | |
| 15 | Јана Арсова | **8** | Весна Димова | |
| 16 | Никола Николов | **9** | Весна Димова | |
| 17 | Кристијан Игњатов | **9** | Весна Димова | |

- **По предметот биологија и природни науки**
  **(Одговорен наставник Валентина Неделкова)**

Училишниот натпревар по природни науки 6 одд и биологија од 7то до 9то одделение се спроведе во месец декември 2019 година во просториите на ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје. Ментор на натпреварот –Валентина Неделкова

На натпреварот учествуваа 32 ученици. Учесници беа учениците од 6то до 9то одделение кои беа навремено пријавени за учество.

По спроведување на тестот за 6то одделение се добија следниве резултати: (први места)

1.Иван Пеневски VI
2.Никола Пецевски VI
3. Филип Стојчевски VI
4. Теа Апостолска VI
5.Ена Петреска VI
6.Билјана Младеновик VI
7. Ања Стојчевска VI

По спроведување на тестот за учениците по биологија од 7-9то одд се добиени следните резултати ( први места)

1. Ивана Николовска VII
2. Софија Антова VII
3. Катја Исајловска VII
4. Јана Ачковска VII
5.Петар Мицевски VII
6.Галина Исајловска VIII
8.Димитар Тодоровски VIII
9.Мартин Индов VIII
10. Елена Ангеловска VIII
11.Христина Николовска VIII
12.Тамара Лазаровска VIII
13.Ангела Мијаковска IX
14.Мартина Ангеловска IX

Општинскиот натпревар по природни науки 6 одд и биологија од 7то до 9то одделение се спроведе во месец февруари 2020 година во просториите на ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје. Ментор на натпреварот –Валентина Неделкова

На натпреварот учествуваа 20 ученици.

Учесници беа учениците од 6то до 9то одделение кои беа навремено пријавени за учество.

По спроведување на натпреварот за 6то одделение се добија следниве резултати:

2 – втори места на општински натпревар (природни науки и биологија)
2 – трети места на општински натпревар (природни науки и биологија)
8 – пофалници на општински натппревар
8- дипломи за успешно ушество на натпреварот

1.Иван Пеневски VI / диплома за учество
2.Никола Пецевски VI/ пофалница
3. Филип Стојчевски VI / второ место
4. Теа Апостолска VI /пофалница
5.Ена Петреска VI / диплома за учество
6.Билјана Младеновик VI /пофалница

7. Ања Стојчевска VI /пофалница
По спроведување на тестот за учениците по биологија од 7-9то одд се добиени следните резултати ( први места)
1. Ивана Николовска VII/пофалница
2. Софија Антова VII/пофалница
3. Катја Исајловска VII –не учествуваше од здравствени причини
4. Јана Ачковска VII /ќ пофалница
5.Петар Мицевски VII /пофалница
6.Галина Исајловска VIII / трето место
8.Димитар Тодоровски VIII /пофалница
9.Мартин Индов VIII / пофалница
10. Елена Ангеловска VIII/ второ место
11.Христина Николовска VIII /диплома за учество
12.Тамара Лазаровска VIII / трето место
13.Ангела Мијаковска IX / диплома за учество
14.Мартина Ангеловска IX / пофалница

## По предметот англиски јазик
**( одговорни наставници Соња Николова Крковска и Лидија Ристовска Атанасова )**

| Натпревар | Време на одржување | Учесници |
|---|---|---|
| Училишен натпревар по англиски јазик 5то одделение | 28.01.2020 | 1 место – Ева Овнарска 5б<br>2 место – Магдалена Василковска 5а<br>Ивана Исајловска 5а<br>Клара Настеска 5а<br>3 место – Андреј Андрески 5б<br>Ема Цветковска 5а |
| Училишен натпревар по англиски јазик 6то одделение | 28.01.2020 | 1 место – Мила Велковска 6б<br>2 место – Билјана Младеновиќ 6б<br>3 место – Филип Стојчевски 6б |
| Училишен натпревар по англиски јазик 7мо одделение | 28.01.2020 | 1 место – Ивана Николовска 7а<br>2 место – Марко Ристовски 7а<br>3 место – Александар Сасански 7б |
| Училишен натпревар по англиски јазик 8мо одделение | 28.01.2020 | 1 место – Јана Петрушевска 8б<br>2 место – Ивана Станкова 8а<br>3 место – Мартин Ристовски 8б |
| Училишен натпревар по англиски јазик 9то одделение | 28.01.2020 | 1 место – Ангела Мијаковска 9б<br>2 место – Мартина Ангеловска 9а<br>3 место – Лука Андреев 9а |
| Натпревар по англиски јазик и математика Алгоритам | 05.2020 | Јоана Јанушева 8а<br>Михаела Поп Ристовска 8а |

Забелешка: Регионалниот и државниот натпревар организирани од здружението ЕЛТАМ не се одржаа во учебната 2019/2020 година поради пандемијата со COVID-19.

## По предметот географија
**( одговорен наставник Марина Трајковска)**

Општински натпревар во месец февруари со освоено прво место Теона Радинска 6б одделение.

## По предметот ликовно образование
**( одговорен наставник Јулија Арсова )**

| Ред. број | Назив на натпреварот | Училишен, општински, градски, регионален, државен, меѓународен натпревар | Ученици кои учествувале | Освоена награда |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Патронен празник на училиштето | училишен | Галина Исајловска 8а одд.Ана Ангелова 7в одд.<br>Ивана Станкова 8а одд.<br>Тамара Лазаровска 8а одд.<br>Мирна Павловска 9б одд.<br>Теона Маџовска 9б одд. | 1место<br>2место<br>2 место<br>3 место<br>3 место<br>3 место |

- **по предметот Хемија**

**(одговорен нставник Ребека Андреева)**

На ден 22.02.2020 година во просториите на ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје беше спроведен општински натпревар по предметот хемија.
Ментор на натпреварот беше наставник Ребека Андреева.

На натпреварот учествуваа ученици од 8 -мо и 9 -то одделение и беа освоени следниве општински места:

1.Лука Андреев 9а одд. -1 место
2.Мила Поповиќ 9а одд.-3 место
3. Јана Милческа 9а одд.- 3 место
4. Ангела Мијаковска 9б одд . - 3 место
5.Мирна Павловски 9б.одд.-3место
6. Марко Ангелковски 9б.одд-учество
7.Галина Исајловска 8а одд.-3место
8.Ивана Станковска 8а.одд. -3место
9.Ристе Стојанов 8а одд-3 место
10.Елена Ангеловска 8б одд.- 1 место
11.Јана Арсова 8б одд.- 3 место
12. Мартин Индов 8б одд.- 3 место

Ментор: Ребека Андреева

- **Извештај од општински натпревар по природни науки -Vодделение**

На ден 15.02.2020 година во просториите на ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје беше спроведен  општински натпревар по предметот природни науки.
Ментор на натпреварот за учениците од Vодделение беше наставник Ребека Андреева.

На натпреварот учествуваа ученици од 5то  одделение и беа освоени следниве општински места
1.Клара Настеска – 2 место
2.Ева Овнарска -2 место
3.Марија Тренковска -3 место
4. Мила Ристоска 3-место
5. Дејана Илиевска -3место
6. Миа Спироска -Учество

Ментор: Ребека Андреева

## По предметот македонски јазик
**(одговорен наставник Васка Н Икономова)**

| Ред. број | Назив на натпреварот | Училишен, општински, градски, регионален, државен, меѓународен натпревар | Ученици кои учествувале | Освоена награда |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Патронен празник на училиштето Октомври 2019 г. | училишен | Мартина Ангеловска 9а одд.<br>Алексеј Христов 7в одд.<br>Искра Давидовска 8б одд.<br>Александра Јаневска 7б одд.<br>Марко Николовски 8б одд.<br>Ивана Рлеска 7б одд.<br>Сите ученици имаа можност за учество. | 1.место<br>2.место<br>2.место<br><br>3.место 3.место<br>3.место |
| 2. | Ракатки 2020 год. Детски фестивал на литературни творби Ноември 2019 г. | државен | Алек Зафировски 9а одд.<br>Сите ученици имаа право да учествуваат | 1 место |
| 3. | Мајски Латици – Тетово 21. 1 2020 г. | државен | Сите ученици имаа право да учествуваат | Нема сеуште резултати |
| 4. | Денот на мајчиниот јазик Општина Кисела Вода 21.2. 2020 г. | општински | Сите ученици имаа можност за учество | |

## По предметот германски јазик
**(Одговорен наставник: Марија Николовска)**

На училишниот натпревар по германски јазик, кој се одржа во месец февруари, учествуваа вкупно 6 ученици од VIII и IX одделение ( од VIIIа Тамара Лазаровска, од VIIIб Максим Георгиев и Марко Симеонов, од VIIIв Јана Данчева и од IXа  Лука Анреев).
Освоени места:
- I место  Лука Андреев од IXа
- II место Тамара Лазаровска од VIIIа
- III место Јана Данчева од VIIIв

- **Извештај за учество во натпревар од III А и IIIБ одделение**

Учество во училишен ликовен конкур по повод патронатот на училиштето
на тема „Од детските раце за поубав свет“
Дата:24.10.2019
Наградени ученици
III-А Второ место Марија Стојчевска
Одделенски наставници Весна Т.Унковска, Елизабета Илиевска
III-Б Прво место Максим Унковски
Одделенски наставници Александра Атанасовска, Соња Здравеска

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ**

Во учебната 2019/2020година, ООУ„Партенија Зографски“ – Кисела Вода, Скопје предводени од наставникот по физичко и здравствено образование Мартин Мартиновски реализираше натпревари во следните дисциплини:

- кошарка
- одбојка
- футсал
- ракомет

ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАРИ 8-9одд.

- Кошарка 1место (м)
- Одбојка 1место (ж)
- Одбојка. 1место (м)
- Фудбал. 2место (м)

Општински натпревари 6-7одд.

- Кошарка 1 место (м)
- Одбојка 1 место (м)
- Одбојка 1 место (ж)

Натпреварите за 8-9одделение се одиграа во месеците Октомври-Ноември.

Натпреварите за 6-7одделение се одиграа во месец Февруари
**Одговорен наставник**
Мартин Мартиновски

Одговорен наставник
за изготвување на
извештајот за реализирани натпревари

**Влатко Станоески**

## *17. Јавна и културна дејност на училиштето*

Училиштето својата јавна и културна дејност ја реализираше во рамките на училиштето и надвор од него низ повеќе разновидни активности со што им овозможи на учениците да се афирмираат себе и своето училиште.
Издвојуваме дел од најважните активности од *јавна и културна* дејност од учебната 2019/2020 година:

**03.09.2019 год.**
Свеченост и приредба по повод првиот училишен ден-свечен прием на првачињата во нашето училиште, во која учествуваше цело училиште: ученици, наставници, родители, педагог и директор.

**11./12.09.2019 год.**
Родителски средби од I до V одделение и родителски отворени средби за учениците
од VI до IX одделение;

**12.09.2019 год.**
Состанок на Советот на родители на кој учествуваа директор, наставници и родители;

**19.09.2019 год.**
Ликовен и спортски хепенинг по повод Европската недела на мобилност и Европска недела на спортот во паркот Шопен со ученици од V и IX одд.

**05.10.2019 год.**
Свечен прием на првачињата во Детската организација. Учествуваат ученици, родители, наставници, педагог и директор.

**16.10-22.10.2019 год.**
Собирна хуманитарна акција на храна „ Ден на гладта “
Учествуваат ученици, родители, наставници, педагог и директор.

**24.10.2019 год.**
Прослава на „Денот на училиштето” со учество на ученици, родители, наставници, педагог, гости и директор.
Свечено доделување на награди на ученици за литературни, ликовни творби
и спортски натпревари на литературен и ликовен конкурс по повод „Денот на училиштето“.
**21.02.2020 год.**
Одбележување на 21.Февруари Светскиот ден на мајчиниот јазик во општина Кисела Вода

Во текот на учебната 2019/20 година беа остварени следниве посети:
**Кино претстави**- претстава „Песноден“
**Театарски претстави -** Новогодишна претстава во училиштето„Нова година“
**Музеј**-Посета на Природно-научниот Музеј
**Македонска опера и балет**-Балетска претстава „Петар Пан“
**Забелешка:** Останатите планирани посети и екскурзи не се реализираа поради прекинот на наставата и прогласувањето на пандемијата.

Училиштето ги искористи разновидните начини за презентирање на својата дејност во јавноста, со што особено ја афирмираше работата на вонnаставните активности на учениците и успешно се поврза со локалната средина и заедница.

## *18. Реализирани активности за грижа за здравјето на учениците*

Грижата за здравјето на учениците е една од приоритетните задачи на училиштето за оваа учебна година.

Училиштето води посебна грижа за здравјето на учениците преку наставните содржини поврзани со здравјето, здравиот начин на животпревенција од болести, хигиенски навики, здрава исхрана, спорт и рекреација чување на околината и природата.

Активностите за грижа за здравјето на учениците се реализираат на одделенскиот час, на слободните ученички активности, на посебни предавања, прегледи и сл.

- Извршени се редовни задолжителни општи систематски прегледи за учениците од I, III, V, VII и IX одделение
- Извршени се редовни задолжителни стоматолошки прегледи за учениците од III до VII одделение.

## *19. Извештај од работата на подмладокот на црвен Крст и спроведени активности со ОО Црвен Крст*

Успешната долгогодишна соработката на О.О.У “ Партенија Зографски ” – Кисела Вода со О.О.Ц.К Кисела Вода и оваа година на обострано задоволство покажа огромен успех.

**Целта** на оваа организација е создавање,развивање и негување на хигиенски навики кај учениците,подигнување на нивото на здравствената култура,оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи,како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.

Развување на чувства за хуманост,солидарност,сочуство,толеранција и почитување по пат на разновидни работилници а со тоа стекнување на нови искуства и пријателства.

Ученици –волонтери на училишен клуб беа: Лука Андреев,Никола Николов,Ана Марија Балкански,Ангела Мијаковска,Дамјан Атанасовски,Теодора Тантуровска и Тамара Јанковска.

Одговорни наставници:

Ребека Андреева – координатор

Милица Миноска – член

Соња Богатиноска – член

Постигнатите знаења и резултати Подмладокот на Црвениот Крст ги спроведува низ познатите традиционални форми за проверка на знаењата и способностите што ги организира Црвениот Крст како што се натпревари,акции,конкурси и други форми на соработка. Во координација со Црвениот Крст и здравствените организации редовно се реализира здравствено превентивна програма која е дизајнирана за да ги открие здравствените приорите на учениците. Програмата е насочена кон подобрување на пристапот на здравствената грижа за учениците,примарно во здравствена промоција,мобилизација на учениците и превенција од заболувања.

Вклучувањето на нашиот клуб во реализацијата на здравствената програма значи и поддршка на хуманитарните активности насочени кон борба против нетолеранцијата, стигмата и дискриминацијата и соработка со сите организации со цел подобрување на здравствените предизвици.

Здравствената програма се карактеризира со своја шареноликост, голем број  активности од областа на првата помош, доброволното крводарителство, превенција на ХИВ/СИДА, туберкулоза, кардиоваскуларни заболувања, хронични заболувања, промоција на хигиената, заштита од сексуално-преносливи болести и недозволена трговија со луѓе.

Со гордост можеме да кажеме дека нашиот клуб за прва помош, редовно учествува на натпреварите организирани од ЦК  на Кисела Вода.

Клубот на млади на Црвениот крст во нашето училиште ќе продолжи во годините пред нас да организира уште хуманитарни акции бидејќи хуманоста е најголема човекова доблест.

Активности 2019/2020

| Датум | Опис на Активност | Постигната цел |
|---|---|---|
| 10.09.2019 | Избор на ученици за волонтери во училишен клуб | Млади луѓе, кои преку своите активности ги шират принципите и идејата за Црвениот крст, волонтираат за посреќно, поздраво и поинформирано општество, во кое младите ќе можат поуспешно и поквалитетно да се оформат како личности и идни успешни личности. |
| 25.09.2019 | Учество на дефиле на млади волонтери под мото " ДЕФИЛИРАЈ НЕ СЕ ФОЛИРАЈ "по повод традиционало одбележување на " Недела на ПХВ – промоција на хумани вредности" | Учат за културата како систем од вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно општество. Тие во текот на овие обуки добиваат и практични знаења како да изработуваат мали проекти за добро на заедницата во којашто живеат, а при тоа се охрабрени да ги користат сопствените капацитети за изработка на проектите преку кои помагаат на луѓето од ранливите категории. |
| 16.10.2019 – 22.10.2019 | Хуманитарна ацкција " Ден на гладта " | Развување на чувства за хуманост,солидарност,сочуство |
| 28.12.2019 | Учество во хуманитарна акција " Подари радост,подари пакетче" | Развување на чувства за хуманост,солидарност,сочуство |
| 13.02.2020 | Предавање на тема " Болести на зависности " | Превенција и подетална информираност на младите од пороци,како и развивање и поттикнување на свеста кај учениците за последиците од зависностите. |
| 13.02.2020 | Предавање на тема " Трговија со луѓе " | Надградба на капацитетите на националното друштво и подигање на свеста на младата популација за заштита од трговијата со луѓе. |

| | | |
|---|---|---|
| 27.02.2020 | Поставување на штанд за рачно изработени мартинки одс трана на учениците | Целта на продажбата е да се соберат повеќе средства за реализација на еден проект во рамки на Програмата „Црвен крст во акција – Промоција на хумани вредности“ за 2020 година. |

И З В Е Ш Т А Ј

Од присуство на Дефиле под мото:

„Дефилирај, не се фолирај“ – акција на Црвен крст за промоција на хумани вредности

Под мотото „Дефилирај не се фолирај“ се одржа марш во организација на ПХВ младинците на ОО ЦК. Секоја година во рамките на програмата Црвен крст во Акција – Промоција на Хумани Вредности (ЦКА-ПХВ) се одбележува недела на Промоција на хумани вредности, од 21 до 27 септември. Оваа година **ПХВ дефиле** се организираше на 25 септември со почеток во 11.00 часот, во секој град низ државата.
**Целта** на настанот е сите заедно да испратат моќна порака за вклучување, соживот, толеранција и мир. Организаторите најавија дека младите ќе одржат креативни работилници на кои ќе се изработат пораки за вклучување, мир, разбирање под мотото “Дефилирај, не се фолирај!”, “Defilo, mos u shtie!”




Во Скопје настанот започна во 11.00 пред СУГС ”Орце Николов”, по бул. Илинден до крајната дестинација „Школка“ во Градски парк каде имаше организирано пригодна програма. Рутата за дефиле беше во должина од 2 км и за време на дефилето, учесниците ги придружуваше Градскиот оркестар.



Долж рутата, дефилираа млади волонтетери,наставници,ученици, студенти, лица од трето доба, лица со попреченост… заедно во името на хуманите вредности.

Програмата Црвен крст во Акција- Промоција на Хумани Вредности (ЦКА-ПХВ) претставува национална алатка за привлекување и задржување на волонтери во Црвениот крст на Р. Северна Македонија.

„Младите добиваат обука за вредностите на Црвениот крст, учат за културата како систем од вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно општество. Тие во текот на овие обуки добиваат и практични знаења како да изработуваат мали проекти за добробит на заедницата во којашто живеат, а при тоа се охрабрени да ги користат сопствените капацитети за изработка на проектите преку кои помагаат на ранливото население“, велат од Црвениот крст.

Со своето присуство се придружија и младинците од ООУ ” Партенија Зографски ” Кисела Вода заедно со своите ментори и претставници и дисеминатори од ООЦК Кисела Вода.
















И З В Е Ш Т А Ј

Од спроведената акција за “ Денот на гладта ”

По повод Денот на гладта, 16 октомври и Недела на борба против гладта (16-22 октомври), под мотото „ПОМИСЛЕТЕ И НА НАС” Црвен крст – Кисела Вода во соработка со О.О.У “ Партенија Зографски ” - спроведе кампања за помош на најсиромашните наши сограѓани.




Црвен крст на град Скопје од 16 – 22 Октомври 2019та година, ја одбележа неделата на борба против гладта во чии рамки се организираше кампањата „Помислете и на нас ‘’. Целта на истата беше подигнување на свеста за донирање храна, но и поттикнување на солидарност меѓу граѓаните и компаниите. Сето ова е причина повеќе, барем повремено да помислиме и да направиме нешто за оние на кои им треба подадена рака за будење на надеж дека не се сами, дека некој мисли на нив. Барем за миг да ја вратиме насмевката на нивните тажни лица.

Поддршка кон кампањата традиционално даде и ООУ “ Партенија Зографски ” – Кисела .Од средствата донирани во акцијата ќе се изготват пакети со храна кои ќе бидат дистрибуирани на социјално ранливо население.







-  

Пакет со храна се донираше и на семејство чиј ученик учи во ООУ” Партенија Зографски ” – Киселе Вода,кој беше уредно доставен од страна на секретарот на ООЦК _Кисела Вода,Дејан Ѓорѓиевски.

По завршувањето на акцијата и сумирањето на резултатите О.О.Ц.К –Кисела Вода изготви извештај преку кој О.О.У “ Партенија Зографски ” беше пофалено за спроведена најдобра акција на ниво на Општина Кисела вода и во прилог испрати извештај и благодарница.

Извештајот го изготви:
Милица Миноска
Ребека Андреева
Соња Богатиноска

## *20. Соработка со локалната средина*

1. **Соработка со семејството-родителите преку:**

- **Советодавни средби со родители, заведени и идентификувани потешкотии во воспитно образовниот процес кај ученици од страна на стручната служба**
- **Општи родителски средби** на ниво на паралелки- одржани по 4 за учениците од I до IX одд.

Целта на овие родителски средби е запознавање на родителите со успехот, редовноста и поведението на учениците и други актуелни прашања за даден период со дневен ред за водење на родителските средби. Одделенските раководители изготвуваат извештај за одржана родителска средба и истиот се евидентира во одделенскиот дневник.

- **индивидуални средби со родителите**, кои се одржуваат по потреба на одделенските раководители и други наставници.

2. **Соработка со други воспитно-образовни и културни установи**
3. **Информирање на јавноста за резултатите од воспитно-образовната дејност,**
4. **Организирање на посебни програми за разни прослави**

## *21. Годишен Извештај за работата на Советот на родители*

Советот на родители при О.О.У Партенија Зографски е конституиран на 05.09.2019,при што првиот Совет е свикан од страна на Директорот на училиштето. За претседател на Советот е избрана Татјана Пешиќ Николовски,а за заменик Дејан Спасевски.

Во рамките на Советот формирани се следните комисии:

- Комисија за реализација на Еко-проектот со Уни Трејд за собирање и рециклирање на пластичен отпад во координација на Спасевски Дејан,Маринела Богдановска,Сашо Петровски и од наставниците Ребека Андреева,која во наредниот период ќе потпише меморандум за соработка помеѓу училиштето и новата фирма.

- Комисија за соработка со Црвениот Крст,која ја сочинуваат родители под координација на наставниците Ребека Андреева и Милица Миноска.

За подготовка и реализација на одредени активности се формирани следните комисии.

- Комисија за подготовка и реализација на Новогодишната приредба од донаторски карактер составен од :Вера Мештеровиќ ,Дејан Спасевск,Татјана Пешиќ Николовски од страна на родители.Оваа комисија во наредниот период има за задача да ја организира Новогодишната приредба која за жал оваа учебна година не се реализираше бидејќи не наиде на одзив кај наставниците.Единствено што се одржа беше забава ,во организација на ученичкиот парламент и наставникот Чипан Радмила,која беше потпомогната од страна на Советот на родители во донација на пиалоци ,под покровителство на Томи Маркети-Скопје

-Советот на родители активно се вклучи во подготовките за патрон празник на училиштето Партенија Зографски

**ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА**

- Зголемување на соработката со учениците, наставниците, родителите, стручна служба и раководен кадар.

- Дополнување со нагледни средства за потребите на училиштето.

- Подобрување на условите за работа на училиштето

- Подобрување на хигиената во училиштето преку иницијативи за поединечни дополнителни хигенски активности во рамките на пооделни одделенија.

**ООУ ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ се наоѓа на ул. Доситеј Обрадовиќ бр.18, во Општина Кисела Вода , град Скопје, Република Македонија**

**ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2019/2020 година е усвоена од Наставничкиот Совет и Училишниот одбор во законски рок.

Истата беше разгледувана, усвоена и одобрена од Советот на Општина Кисела Вода.

Од страна на директорот и стручната служба во училиштето,беше образложена на Советот на родители,каде претставниците на родителите  дадоа позитивно мислење.

Наставата се реализира по сите наставни предмети и подрачја со оспособен наставен кадар.

Учебната 2019/2020 година започна на 02.09.2019 година со комплетен наставен кадар и изготвен распоред на часови.

Часови во рамките на наставата се организираат за:

1. Задолжителни наставни премети.

2. Избрни наставни предмети.

3. Дополнителна настава за ученици на кои им е потребна дополнителна помош.

4. Додатна настава  за ученици кои побрзо напредуваат и покажуваат значителни резултати.

5. Слободни ученички активности се организират во рамките на Годишната програма за работа на училиштето.

6. Ученички заедници- за овој период  учениците  беа  ангажирани  во презетирање на училиштето и собирање на пластичен одпад и соработка со Црвениот Крст.

**АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ТЕКОТ НА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ**

Советот на родители во соработка со училиштео, наставниците и останатиот персонал активно се вклучени во активности во рамките на училиштето:

1. Хуманитарни активности во рамките на училиштето и Црвениот Крст за неделата на гладта кои се состоеа во собирање на храна за социјално загрозените семејства.

2. Организација на  проектот со Уни Трејд  за собирање и рециклирање на плстичен одпад.

3. Ативно учество во  организација на патронатот на училиштето

4. Подршка за реализација на Новогодишната  забавата организирана од страна на Ученичкиот парламен

ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

Во првите шест месеци со цел реалиација на програмата која е предвидени за работа на Советот се оргнианизираше:

- Состанок на Совет на родители  еднаш  во тек на еден месец.

- Viber група на Советоте на родители.

- Viber група на пооделни групи за одредени активности.

- Редовна писмена комуникација по пат на електронска пошта.

- Водење евиденција за присуство на  состаноците на Советот по одделенија и укажување на отсуствата.

- Редовна комуникација со Директорот.

Од страна на Советот беше заклучено дека постои  добра коминикација меѓу членовите на Советот,меѓу Училишниот одбор и директорот и стручната служба во училиштето.

**АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ВО ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ**

Советот на родители на ООУ Партенија Зографски со кој претседателствува Татјана Пешиќ Николовски и заменик претседател Дејан Спасески ,како и останатите членови на советот продолжија континуирано  со своите активности и  во второто полугодие од учебната 2019/2020.

За жал поради ново настанатата ситуација на Ковид 19  и прекинот на наставата во училиштата која се одвиваше преку он лајн платформа,Советот на родители продолжи со реализација на активностите ,но овој пат  преку он лајн средби . Активностите за второто полугодие на Советот на родители се  следниве:

-Прво априлска шега преку испраќање на фотографии, фотографирани од страна на родителите во домашни услови и испратени на наставниците.

-За Велигден испраќање на украсни фотографии од страна на учениците за изгледот на Велигденската трпеза.

-Одржување на он лај состаноци.

-Во рамките на акцијата “Книга за секое дете”,Советот на родители обезбеди книга за секој ученик кои беа донирани од страна на издавачките куќи Магор,Тримакс и Култура,вкупно на број преку 500 литературни дела,кои им беа поделени на девето оделенците,а на останатите ученици ќе им се поделат со доделувањето на сведителствата.

-Советот на родители активно се вклучи и даде допринос во реализација на он лајн наставата за второто полугодие, која допринесе за успешно завршување на учебната 2019/2020 година и покрај вонредните услови.

**Извештајот го изготви**

Татјана Пешиќ Николовски
(претседател на Советот на родители)

## *22. Извештај за работата на училишниот одбор*

Орган на управување во училиштето е училишниот одбор.

***Училишниот одбор во нашето училиште е составен од седум членови, и тоа:***

| **Членови на УО** | | |
|---|---|---|
| Ангел Ристов | Претставник од редот на родителите | Претседател |
| Лидија Ристовска Атанасова | Претставник од редот на наставниците | Заменик претседател |
| Софија Лазовска | Претставник од редот на наставниците | Член |
| Виолета Павловска | Претставник од редот на наставниците | Член |
| Билјана Ѓорѓиоска | Претставник од редот на родителите | Член |
| Татјана Пешиќ Николовска | Претставник од редот на родителите | Член |
| Петре Трајковски | Претставник од основачот | Член |

На седниците на училишниот одбор се поканувaaт и во неговата работа учествуваат без право на глас двајца претставници на учениците од Училишниот парламент и тоа:

- Мартина Ангеловска 9а одделение
- Теона Вртеска 9а одделение

***<u>Училишниот одбор ги врши следниве работи:</u>***

- донесува статут на училиштето;

- предлага годишна програма за работа и извештај за работата на основното училиште до советот на општината;

- донесува Развојна програма на училиштето;

- предлага финансиски план до основачот;

- предлага завршна сметка до основачот;

- објавува јавен оглас за избор на директор на основно училиште;

- врши интервју со кандидатите за директор;

- предлага на градоначалникот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;

- дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници;

- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето;

- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици;

- избира свои постојани и повремени комисии, ги именува и разрешува нивните членови, го утврдува нивниот делокруг на работење;

- врши и други работи утврдени со Статутот на училиштето.

Работата на овој орган е рагулирана со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор работи според своја Програма и Деловник за работа.

Училишниот одбор во периодот од август 2019 до јуни 2020 одржа 7 состаноци на кои се разгледуваа актуелните состојби на училиштето. Записничар на состаноците е секретарот на училиштето. Заклучоците и одлуките донесени на состаноците беа јавно истакнувани на огласна табла во училиштето со што се покажува транспарентност во работата на овој орган на управување на училиштето. Одлуките кои се донесуваа беа едногласно усвојувани од присутните.

| Месец | Дневен ред |
|---|---|
| **Август 2019** | ДНЕВЕН РЕД<br><br>1. Усвојување на Записникот од претходниот состанок<br>2. Делегирање нов член во УО<br>3. Усвојување Предлог Програма за работа на училиштето за учебната 2019-2020 година<br>4. Донесување одлука за издавање под закуп на училишен простор |
| **Септември 2019** | ДНЕВЕН РЕД<br><br>1. Усвојување на Записникот од претходен состанок<br>2. Разгледување и усвојување Развојна програма за работата на училиштето од 2019-2023<br>3. Отпис на фактури/парични средства<br>4. Информација за разрешување од член од општина<br>План за професионален развој на директорот |
| **Ноември 2019** | ДНЕВЕН РЕД<br><br>1. Усвојување на Записникот од претходен состанок<br>2. Усвојување на Статутот на училиштето согласно новиот Закон за основно образование<br>3. Формирање на Комисија за спроведување на поставпаза екскурзии<br>4. Формирање на Комисија за попис и отпис<br>5. Донесување одлука за почеток на попис<br>6. Информација за интегрална евалуација |
| **Декември 2019** | ДНЕВЕН РЕД<br><br>1. Усвојување на Записникот од претходен состанок<br>2. Избор на Претседател на УО од редот на родителите согласно организациските промени во новиот Закон за основно образование<br>3. Разгледување и усвојување на финансов план на училиштето за 2020 година<br>4. Разгледување и усвојување на Деловник за работа на УО согласно промените во Законот за основно образование |

| | |
|---|---|
| **Јануари 2020** | ДНЕВЕН РЕД<br><br>5. Усвојување на записникот од претходниот состанок<br>6. Разгледување и усвојување полугодишен извештај за работата на училиштето во учебна 2019/2020 година<br>7. Давање мислење по оглас за вработување на наставници на определено време<br>8. Одлука за користење на средства за бензин (приватно возило за службени потреби) |
| **Март 2020** | ДНЕВЕН РЕД<br><br>1. Усвојување  на Записникот од претходен состанок<br>2. Извештај на пописна комисија<br>3. Разгледување и усвојување на заврна сметка 2019 година<br>- 903 наменска блок дотација од Буџетот на РСМ<br>- 787 самофинасирачки активности<br>4. Разгледување и усвојување на Нацрт извештај од интегрална евалуација |
| **Април 2020** | ДНЕВЕН РЕД<br><br>1. Усвојување  на Записникот од претходен состанок<br>2. Предлог за вработување на наставник по англиски јазик до 31.08.2020 год.<br>3. Одлука за избор на најповолни понудувачи за изведување екскурзии |

Училишниот одбор се залагаше и ќе се залага во иднина да се подобрат условите за работа во училиштето со што ќе се унапреди воспитно образовниот процес во училиштето.

Претседател на Училишниот одбор
Ангел Ристов

## *23. Извештај за работата на педагогот*

Целокупната работа на педагогот се заснова и изведува врз основа на сопствената програма за работа, и се состои во реализирање на задачи и активности во следниве структурални подрачја:

1. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа
2. Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето
3. Советодавно-консултативна работа со:
   - ученици
   - наставници
   - родители
4. Аналитичко-истражувачка работа
5. Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување
6. Педагошка евиденција и документација

### ***1. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа***

- Учество во изработката на концепцијата на Годишната програма за работа на училиштето и изработка на нејзини поедини делови
- 
- Изготвување на програма за професионална информација и ориентација на учениците
- Изработка на Годишна програма и месечни планирања за работа на педагогот
- Изработка на Годишен Извештај за работата на училиштето за учебната 2019/20 год.
- Изработка на Извештај за Самоевалуација

### ***2.Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето***

• Учество во изготвување на паралелки за прво и шесто одделение;

**• Следење на адаптацијата на учениците од прво и шесто одделение и новодојдените ученици и давање потребна помош и насоки каде што е потребно преку работилиница: „Техники за успешно учење” со ученици од 6а, 6б, и 6в одделение**

• Следење и давање на помош при организација и реализација на задилжителната, додатната и дополнителната настава преку следење на планирањата на наставиците, посета на часови и следење на успехот на учениците;

• Следење и давање помош за полесна адаптација на новопримените наставници – наставници приправници во училиштето;

• Следење и учество во организација и реализација на вонnаставните активности;

• Давање насоки и напатствија за понатамошното работење на тимовите на самоевалуација;

• Следење на водењето на педагошката документација и евиденција во училиштето;

• Следење на успехот и редовноста на учениците

• Следење на интерперсоналните односи (училиша клима) во училиштето меѓу ученик – ученик, ученик – наставник, наставник – наставник, на индивидуално и групно ниво;

**• Работа на превенција на појавите на насилно и др. несоодветно однесување преку работилници: - „Разрешување на конфликти„ во VI одд., „Превенција на насилно однесување во училиштето„ со ученици од VI одд.( сите паралелки)**

- **Работа на превенција на учениците од употреба на алкохол и пушење Работилница „Алкохолот и младите“, и Работилница „Пушењето како зависност“ со ученици од VII до IX одд.**
- **Испитување на усвоеноста на печатните букви на учениците од II одд.-„Едноминутно читање на нелогичен текст“**
- **Анализа на логичкото мислење- „Испитување на читањето со разбирање со ученици од IV одд.“**

• Следење на постапките на оценување на учениците;

• Непосредно следење, проучување, вреднување, евидентирање на сопствената работа (планирање, програмирање,евидентирање и документирање)

- Учество во изготвување на евиденција на училишните обврзници во тековната година, известување на родителите за упис и потребна документација
- Запишување на ученици во прво одделение и давање на мислење на деца родени во јануари 2015 година.

***3.Советодавна – консултативна работа со учениците, наставниците и родителите***

- Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето и однесувањето
- Советодавна – инструктивна работа со ученици кои покажуваат слаб успех во учењето, и емоционални потешкотии
- Давање на помош и подршка во вклучувањето на учениците во учество на различни проекти и активности
- Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образови потреби
- Откривање на учениците со поголеми можности за напредување и развој, советодавна работа со овие ученици и следење на нивните индивидуални постигнувања
- Советодавна работа со наставници и ученици при избор на слободните активности, јавни настапи, конкурси, натпревари и др.
- Консултативни средби и разговори со наставниците во врска со употреба на одредени форми, методи и техники на работа со цел унапредување на наставниот процес
- Консултативно–советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик–ученик и ученик–наставник-семејство
- Консултативни разовори со наставници по завршената евалуација од посета на часови и увид во дневни подготовки
- Посета на отворени часови од страна на наставниците и евалуација на истите со наставниците
- Давање помош за стручно усовршување на наставниците и нивно упатување за користење на стручна литература заради осовременување на наставниот процес
- Учество во работата на стручните активи и превземање мерки за унапредување на нивната работа
- Водење на професионално досие и педагошки картон на наставниците
- Советодавна работа со наставниците – приправници
- Советодавна работа- советување на родители чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината или несоодветно се однесуваат во училиштето
- Соработка со Советот на родители

***4.Аналитичко-истражувачка работа***

- Анализа на посетени часови на редовна, дополнителна и додатна настава
- Пополнување на инструменти од посетени часови
- Анализа на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар
- Учество во изготвување на Годишна програма за работа на училиштето,
- Учество во изготвување на полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето
- Изготвување на извештај за сопствената работа

***5.Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување***

- Соработка со образовни, здравствени, социјални институции и установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно – образовната работа;

• Учество во размена на искуство со други педагози од основните училишта од општината и од градот

• Учество и воспоставување на соработка со локалната средина и реализација на заеднички активности;

• Индивидуална работа на стручно усовршување (следење на стручна литература, перманентно стручно усовршување преку посета на семинари, советувања и обуки организирани од МОН, БРО и др. Институции

- Обука „Јакнење на емоционалните компетенции на наставниците како фактор за развивање на емоционалната интелегенција на учениците“ организирана од Институт за Бизнис и Менаџмент Хајделберг

• Учество во работата на здружението на педагози на град Скопје - еднаш во месецот средба со Здружението на педагози на основните училишта на град Скопје - „Современ педагог “

***6.Педагошка евиденција и документација***

- Водење на евиденција и документација за сопствената работа:

- изготвување на Годишна програма за работа и сопствен извештај за истата
- изготвување месечен оперативен план за работа
- хронолошки дневник за работа - досиеја за работа со ученици,
- евиденција за соработка со ученици, наставници и родители,
- прегледи, извештаи, анкети
- водење на педагошки картон за работата на наставникот
- водење на професионално досие на наставникот

**Стручен соработник - педагог:**
Марина Георгиевска-Крстевски

## *24. Извештај за работата на психологот*

Согласно Годишната програма на училиштето и годишната програма на психологот, реализирани се следните активности:

1. Планирање и подготовка на работата на психологот

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| Изготвена годишна програма за сопствената работа | Јули 2019 |
| 2.Изготвување на месечни (оперативни) програми за работа со конкретизирани содржини и активности | Континуирано во текот на годината |

2. Изготвување планирања и програми на ниво на училиште

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| Учестваше во изготвување на Годишна програма за работа на училиштето и брошура за родителите и учениците<br>2.Учестваше во изготвување на Програма за професионален развој на воспитно-образованиот кадар<br>3.Изготви Програма за професионал-на информација и ориентација на учениците<br>4.Изготви на Програма за работа со надарените ученици<br>5.Учествуваше во изготвувањето на Програмата и планот за поддршка на учениците со емоционални потешкотии и ученици со ПОП<br>6.Учествуваше во изготвување на програмата и планот за превенција од насилното однесување во училиштето | Јули 2019 |

3. Советодавна работа со учениците

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Адаптацијата на учениците од прво и шесто одд., како и новодојдените ученици беа следени преку посета на часови и опсервација на учениците<br>2. Во текот на годината беа реализирани индивидуална и групна работа со ранливите групи ученици (ученици со проблеми во однесувањето, со ниска самодоверба, со емоционални проблеми и ученици кои насилно се однесуваат или | Септември-Октомври 2019<br>Континуирано во текот на годината |

| | |
|---|---|
| се жртви на насилство)<br>3. Со учениците кои имаат три и повеќе слаби оценки, нередовно ја посетуваат наставата и несоодветно се однесуваат беше реализирана советодавна работа | Февруаро 2020 |

4.Работа со ученици со потешкотии во учењето

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Во консултација со наставниците како и преку опсервација на часови се откриваа ученици со потешкотии во учењето, деца со ниска самодоверба, деца кои насилно се однесуваат или се жртви на насилно однесување, деца со емоционални потешкотии и слаба мотивација и ученици со несоодветно однесување, со кои се реализираа индивидуални разговори, соодветни вежби за стекнување самодоверба, справување со конфликтни ситуации и негативни чувства и сл.<br>2. Нивното напредување се следеше по завршување на секој класификационен период со цел доколку има потреба да се спроведат поинакви активности за подобрување на успехот.<br>3.Психологот вршеше и инструктивно советодавна работа со овие ученици и нивните родители.<br>4.Стручната служба даваше помош и поддршка на наставниците при планирање и реализација на активности на часовите во паралелките во кои се вклучени овие ученици | Континуирано |

5.Запишување на учениците и формирање на паралелки

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Психологот учествуваше во изготвување на евиденција на училишните обврзници во тековната година и известување на родителите за уписот и потребната документација<br>2.Психологот во соработка со педагогот | Мај 2019 |

| | |
|---|---|
| работеше на упис на деца во прво одделение како член на комисијата (опсервација на децата и разговор со родителите на децата за нивниот развој)<br>3.Учествуваше во формирање на паралелки за прво одделение според одредените критериуми<br>4.Психологот даде мислење за деца кои се родени во јануари наредната година<br>6.Психологот во соработка со педагогот запишуваше нови ученици и ги распределување во паралелки | континуирано |

6.Работа на професионална ориентација на учениците од деветто одделение

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Психологот реализираше индивидуални и групни разговори со учениците за нивните намери и интереси за продолжување на образованието<br>3. Психологот спроведе тестови за професионални интереси и способности. | Февруари 2020<br><br>Февруари 2020 |

7.Соработка со родители

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Психологот реализираше групно советување на родителите чии деца несоодветно се однесуваат<br>2. Спроведе анкети со родителите за избор на изборен предмет и втор странски јазик кој ќе го изучуваат нивните деца<br>3. Реализираше индивидуални разговори со родители чии деца пројавуваат насилно однесување, промени во однесувањето, расположението и сл.<br>4. Во текот на периодот на пандемија | Февруари 2020<br><br>Јуни 2020<br><br>Декември 2019-март 2020<br><br>Март-јуни 2020 |

| | |
|---|---|
| реализираше телефонски разговори со родители на кои им беше потребна поддршка во справување со изолацијата, стравот и негативните чувства | |

8. Соработка со наставници

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Психологот ги информираше наставниците за очекуваниот напредок кај ученици кои потешко напредуваат во наставата<br>2.Реализираше психолошко-инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците<br>3. Пружаше помош во пополнување на професионалното досие на наставниците<br>4.Даваше подршка на наставниците при реализација на активности од проекти и програми кои се спроведуваат во училиштето<br>5. Вршеше консултации со наставниците по завршена евалуација од посета на часови и увид во дневни подготовки<br>6. Психологот реализираше едукативни предавања во соработка со одделенските раководители во нивните паралелки.на теми како врсничко насилство, дискриминација и сл. | континуирано |

9. Соработка со стручни органи

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Презентираше извештаи и анализи за успехот, редовноста и поведението на учениците по завршување на квалификационите периоди – Наставнички совет<br>2.Презентирање на Полугодишниот и Годишниот извештај за работата на училиштето-Наставнички совет | квартално<br><br>полугодие, крај на учебна година |

10.Унапредување на воспитно-образовна работа

| Активности | Време на реализација |
|---|---|

| | |
|---|---|
| 1.Психологот даваше поддршка на одговорните наставници на стручните активи, како и одговорните наставници на ученичките организации и воннаставните активности при изготвување на годишните програми за работа<br>2.Психологот даваше стручна помош на менторите и приправниците во секојдневната работа и пред полагање на стручните испити (во изготвување на годишните, тематските и дневни планирања)<br>3. Во соработка со педагогот учествуваше во анализа на планирањето и подготовките на настава, анализа на реализацијата на наставата, анализа на успехот и поведението на учениците со насоки за подобрување | континуирано |

11. Аналитичко истражувачка работа

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Учествуваше во изготвување  анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди<br>2.Учестваше во изготвување на полугодишен и годишен извештај за работа на училиштето<br>3.Изготви  извештај за сопствената работа<br>4. Учествуваше во изготвување извештаи по спроведени анкети за избор на изборен предмет<br>5. Учествуваше во изготвување споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол | квартално |

12. Педагошка евиденција и документација

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Водеше сопствена(лична) евиденција и документација<br>2.Водеше професионално досие на | континуирано |

| | |
|---|---|
| наставниците<br>3.Дава поддршка на наставниците при водење на педагошка евиденција и документација<br>5.Водеше евиденција за педагошките мерки на учениците | |

13. Соработка со локална заедница и други институции

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Според потребата, психологот оствари соработка со МОН, БРО,<br>2.Соработка со основните и средни училишта од општината и градот<br>4. Учествуваше на состаноци на здружението на училишни психолози „Психовизија“ | континуирано |

14. Лично стручно усовршување

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| 1. Изготви личен план за професионален развој<br>3. Перманентно стручно се усовршуваше преку посети на семинари,  обуки советувања, трибини  и конференции организирани од МОН, БРО и др.институции<br>5. Редовно присуствувше и учествуваше во работата на секцијата на училишните психолози од основните училишта во Скопје. | Септември 2019<br><br>континуирано |

**Стручен соработник психолог:**
Јасмина Дечков

## *25. Извештај за работата на директорот*

Директорот ја организираше и контролираше целокупната работа на училиштето која беше во согласност со законските прописи, насоките и одлуките на органите на управување. Успешно ја организираше работата на административно-техничкиот персонал за обезбедувањето на материјално финансиски и хигиенски услови за работа. Работеше на полето на прифаќање на нови проекти во училиштето и прифатените проекти ги образложуваше на состаноците на стручните тела и органи. Во текот на учебната година врз основа на сопствената Годишна програма за работа го следев одвивањето на наставниот процес, слободните ученички активности, додатната и дополнителната настава.

Од увидот во работата на воспитно- образовниот кадар констатирам дека изведувањето на наставата е на завидно ниво. Исто така преку состаноците на стручните органи и тела ја следев и унапредував работата во училиштето, организирав стручно усовршување на воспитно образовниот кадар преку интерни и екстерни семинари и советувања, соработував со локалната средина преку индивидуални и групни средби, со Советот на родители, Училишниот одбор и институции кои се поврзани со воспитно образовниот процес.

Како директор при реализацијата на програмата успешно соработував со стручната служба. Директорот на училиштето активно учествуваше и раководеше во изготвувањето на сите видови на планирања за успешно одвивање на учебната година. Вршеше контрола на планирањата на наставниците по сите наставни предмети и подрачја. Го контролираше водењето на педагошката евиденција и документација и даваше насоки и помош при отстранување на пропустите.
Преку посета на наставните часови го следеше одвивањето на наставниот процес и преку консултациите со наставниот кадар даваше насоки за подигање на квалитетот на истиот.

Акцент во својата работа директорот посвети на реализација на проектите. Како резултат на тоа имаме успешно презентирање преку јавните и културните манифестации во училиштето. Добрата работа на полето на додатната настава овозможи освојување на голем број награди на општинско и регионално ниво. Директорот обезбедуваше и создаваше услови за успешно реализирање на прифатените проекти во училиштето и беше заинтересиран за прифаќање на нови проекти. Ја следеше работата на стручните активи и се залагаше за нивно унапредување со воведување на нови форми на работа и контрола на реализирањето на програмираните задачи. На полето на стручното усовршување во планирањето, организацијата, следењето, вреднувањето и унапредувањето на наставата ги следеше со успех семинарите наменети за директори.
На наставниците почетници им обезбеди менторство од редовите на наставниот кадар и стручната служба во училиштето.

За унапредување на воспитно образовната дејност успешно соработуваше со Бирото за развој на образованието, а посебно со одговорниот советник на училиштето.

Соработката со структурите од безбедноста – со полициската станица – Кисела Вода и одговорните претставници е постојана и успешна.

Од сето погоре споменато, можам да констатирам дека имавме успешна училишна година со во најголем дел реализирани програмски активности во сите сегменти на работењето на училиштето вклучително и со моето функционирање на работното место директор на ОУ „Партенија Зографски“ – Скопје.

Директор:
Стефче Василевски

## *26. Извештај за работата на училишната библиотека*

Училишната библиотека во  ООУ Партенија Зографски е во континуирана служба на севкупниот воспитно образовен процес и е активно вклучена во креирањето на подобар образовен систем. Во текот на учебната година беше посетувана од ученици и наставници кои ги изнајмуваа и користеа книгите со кои располага истата.
Евиденцијата во библиотеката се води во посебна книга во која се заведуваат изнајмените и вратените книги и во тој процес помагаат и членовите на библиотекарската секција.
Во служба на подобрување на воспитно-образовниот процес, во нашето училиште беа дистрибуирани списанија кои се користеа како прирачници со кои се надополнува наставата. Бројната состојба на крај на година изнесува – Росица 50 ученици, Другарче 38, Развигор 20, Наш Свет 8 ученици. Овие списанија се дистрибуираа два пати месечно, односно 8 броеви во прво полугодие и 10 во второ полугодие, или вкупно 18 изданија годишно, односно 2266 списанија.
Библиотечен фонд : Училишната библиотека располага со солиден библиотечен фонд на книги, кој се надополнува од година во година со помош на донации и планирани набавки. Во библиотеката недостасуваат посовремени енциклопедии и модерни и адекватни книги со интересна тематика за тинејџерите, дополнителен број на прирачници, како и апдејтирани лектирни изданија.
Според последниот попис, во ООУ Партенија Зографски беше констатиран следниов фонд на книги – 648 лектири од II до IX одделение,  4215 книги домашна литература, 2015 книги странска литература.
Во текот на годината фунционира библиотекарска секција во која членуваат ученици од IIIте одделенија. Состаноците се одржуваат еднаш во неделата, се дискутираат најновите изданија на книги, се анализираат лектирните изданија, се подредуваат книгите по азбучен ред и се реализираат различни активности од програмата на библиотеката.
Поради местоположбата на билиотеката, нејзината изолираност и условите на самата просторија – влага, оштетени ѕидови, фреквенцијата на посетители беше намалена и самиот престој во истата временски ограничен. Училишнот тим работи на тоа овој простор да се реновира и да се направи подостапен за читателската публика.
Оваа учебна година заврши различно од сите други досега поради вирусот ковид-19, па така и работата на библиотеката се смени. Од март 2020, списанијата се дистрибуираа онлајл на децата во соработка со Просветно дело, а изнајмувањето и враќањето на книгите во библиотеката беше прекинато.

**Одговорен наставник**
Емилија Тренчевска

## *27. Реализирани активности за Денот на училиштето (завршни манифестации 24. 10. 2020 г.)*

И оваа учебна година по повод Денот на училиштето се организираа низа активности подз аедничкото мото: - „Од детските раце за поубав свет“

Во периодот на месец октомври беа реализирани:

- турнири од повеќе спортски дисциплини од интерен и општински карактер
-Награден литературен и ликовен конкурс со тема - „Од детските раце за поубав свет”
-Изложба од наградени литературни и ликовни творби на ученици
-историски час со положување на цвеќе на бистата на Патронот во училишниот двор
-Завршна свечена манифестација за ученици и надворешни соработници на училиштето

Активностите се реализираа со цел да се поттикнат учениците и вработените на креативност за значењето на децата за подобра иднина на заедницата









**ООУ „Партенија Зографски”- Скопје**
**Сценарио за Денот на училиштето**
**24. 10. 2019 год. (13 ч.)**

**1.Химна на училиштето**
**2.Изведба на синтисајзер**
**3.Најава од ученици**
**4.Обраќање на директор**
**5.Најава од ученици**
**6.Доделување награди за:**

**-ученик на годината**
**-литературни творби од 1-5 одделение**
**-литературни творби од 6-9 одделение**
**-ликовни творби 1-5 одделени**
**-ликовни творби од 6-9 одделение**
**-спортски активности**
**кошарка, одбојка, футсал и ракомет**
**6. Одјава**

**Датум:**
**24.10. 2019 год.**
**Скопје**

**Совет на наставници на**
**ООУ„Партенија Зографски”- Скопје**

**Одговорен насавник**
**Васка Николова - Икономова**

## *28. Општи заклучоци*

- Сите планирани активности од Годишната програма воглавно се реализирани.
  Реализирани се многу активности во кои училиштето се вклучи и ја збогати својата дејност;
- Средниот успех на училиштето е 4,89.
  Сите ученици преминаа во наредното одделеление, со што се постигнати солидни резултати во воспитно-образовната работа на целото училиште;
- Училиштето ги реализира приоритетните задачи поставени за оваа учебна година;
- Се реализира стручното професионалното усовршување на воспитно-образовниот кадар со следење на семинари организирани од надлежни установи како и Бирото за развој на образованието и Министерство за образование и наука
- Успешно се оствари соработката со родителите за перманентно следење на учениците и информирање на родителите за актуелни прашања.
- Училиштето во оваа учебна година со голем квалитет ја реализира соработката со локалната заедница, вклучувајќи се во сите активности организирани од општина Кисела Вода;
- Училиштето во текот на целата учебна година водеше перманентна грижа за физичкиот, емоционален и социјален развој на учениците;
- Во училиштето се спроведе **Интегрална евалуација во училиштето** од тим на државни просветни инспектори од 27.11 до 29 11. 2019 година
- Во учебната 2019/2020 година многу воннаставни активности и училишни интерни проекти како и планираните училишни екскурзии останаа нереализирани поради пандемијата со вирусот Covid 19 и прогласување на вонредната состојба од 25.03.2020 година.

*29. Статистички прегледи 1-9*

**ПРЕГЛЕД - 1**

**на бројот на ученици на крајот на учебната 2019/2020 година**

| Одделение | Број на ученици | | |
|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Вкупно |
| I а | 13 | 13 | 26 |
| I б | 16 | 9 | 25 |
| I | 29 | 22 | 51 |
| II а | 13 | 10 | 23 |
| II б | 13 | 14 | 27 |
| II | 26 | 24 | 50 |
| III а | 14 | 16 | 30 |
| III б | 15 | 14 | 29 |
| III | 29 | 30 | 59 |
| IV а | 14 | 16 | 30 |
| IV б | 17 | 15 | 32 |
| IV | 31 | 31 | 62 |
| V а | 8 | 17 | 25 |
| V б | 8 | 15 | 23 |
| V | 16 | 32 | 48 |
| **I-V** | 131 | 139 | 270 |
| VI а | 13 | 11 | 24 |
| VI б | 9 | 13 | 22 |
| VI в | 7 | 14 | 21 |
| VI | 29 | 38 | 67 |
| VII а | 9 | 12 | 21 |
| VII б | 9 | 12 | 21 |
| VII в | 4 | 7 | 11 |
| VII | 22 | 31 | 53 |
| VIII а | 10 | 16 | 26 |
| VIII б | 13 | 9 | 22 |
| VIII в | 11 | 7 | 18 |
| VIII | 34 | 32 | 66 |
| IX а | 12 | 8 | 20 |
| IX б | 6 | 10 | 16 |
| IX | 18 | 18 | 36 |
| **VI-IX** | 103 | 119 | 222 |
| **I-IX** | 234 | 258 | 492 |

# ООУ „Партенија Зографски“

### општина Кисела Вода- Скопје

### ПРЕГЛЕД- 2

### на бројот на паралелки по одделенија во учебната 2019/2020 година

| Одд. | I | II | III | IV | V | **I -V** | VI | VII | VIII | IX | **VI-IX** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на пар | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | **10** | 3 | 3 | 3 | 2 | **11** |

| Училиште | **Ученици и паралелки по одделенија** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I-V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | VI -IX | | I-IX | |
| | **Уч** | **Пр** | **Уч** | **Пр** | **Уч** | **Пр** | **Уч** | **Пр** | **Уч** | **Пр** | **Уч** | **Пр.** | **Уч** | **Пр.** | **Уч** | **Пр.** | **Уч** | **Пр.** | **Уч** | **Пр.** | **Уч** | **Пр.** | **Уч** | **Пр.** |
| Централно I-IX | 51 | 2 | 50 | 2 | 59 | 2 | 62 | 2 | 48 | 2 | **270** | **10** | 67 | 3 | 53 | 3 | 66 | 3 | 36 | 2 | **222** | **11** | **492** | **21** |

### ПРЕГЛЕД – 3

### на наставниот кадар на крајот од учебната 2019/2020 год.

| Наставен кадар по наст. јазици | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Проф.** | **Наставник** | **Учит.** | **Неоф. Обр.** | **се** | **Проф.** | **Наставник** | **Учит.** | **Неоф. Обр.** | **се** | |
| Македонски | | 20 | | | 20 | | 19 | | | 19 | **39** |

## ПРЕГЛЕД-4

| Работно место | Завршено образование | | Вкупно работен стаж | Работно искуство како директор, пом. и зам. директор, педагог, психолог, дефектолог |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВС | | |
| Директор | 1 | | 32 години | 3 години и 10 месеци |
| За. на директор | / | | | |
| Пом. на директор | | | | |
| педагог | 1 | | 12 години и 6 месеци | 9 години |
| психолог | 1 | | 8г. и 1 месец | 7 години и 1 месец |
| дефектолог | | | | |

## ПРЕГЛЕД -5

## на испишани ученици во учебната 2019/20 година

| одделение | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| наставен јазик | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | **вк** | **ж** |
| македонски | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | **9** | **7** |

## ПРЕГЛЕД-6

## на бројот на ученици во целодневна настава во учебната 2019/20 година

| Одд. | I а | I б | II а | II б | III а | III б | IV а | IV б | I-IV |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ученици** | 26 | 25 | 23 | 27 | 30 | 29 | 30 | 32 | 222 |
| **Број на наставници** | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |

**ПРЕГЛЕД -7**
**на изостаноците на учениците во учебната 2018/19 година**
**<u>одделенска настава</u>**

| Одд. | Iа | Iб | IIа | IIб | IIIа | IIIб | IVа | IVб | Vа | Vб | I-V |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оправдани** | 30 | 150 | 165 | 78 | 397 | 585 | 564 | 347 | 0 | 0 | 2316 |
| **Неоправдани** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно изостаноци** | 30 | 150 | 165 | 78 | 397 | 585 | 564 | 347 | 0 | 0 | 2316 |

**<u>предметна настава</u>**

| Одд. | VIа | VIб | VIв | VIIа | VIIб | VIIв | VIIIа | VIIIб | VIIIв | IXа | IXб | VI-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оправдани** | 72 | 23 | 54 | 152 | 170 | 172 | 210 | 307 | 360 | 491 | 544 | 2555 |
| **Неоправдани** | 0 | 1 | 0 | 3 | 4 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 2 | 15 |
| **Вкупно изостаноци** | 72 | 24 | 54 | 155 | 174 | 172 | 210 | 312 | 360 | 491 | 546 | 2570 |

| Одделение | I-IX |
|---|---|
| **Оправдани** | 4871 |
| **Неоправдани** | 15 |
| **Вкупно изостаноци** | 4886 |

## Вкупен преглед на изостаноци

| Одд. | | | |
|---|---|---|---|
| | Оправдани | Неоправдани | Вкупно |
| I | 180 | 0 | 180 |
| II | 243 | 0 | 243 |
| III | 982 | 0 | 982 |
| IV | 911 | 0 | 911 |
| V | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно I-V** | 2316 | 0 | 2316 |
| VI | 149 | 1 | 150 |
| VII | 494 | 7 | 501 |
| VIII | 877 | 5 | 882 |
| IX | 1035 | 2 | 1037 |
| **VI-IX** | 2555 | 15 | 2570 |
| **Вкупно** | 4871 | 15 | 4886 |

**ПРЕГЛЕД –8**

**на поведението на учениците на крајот на учебната 2019/2020 год.**

| Одд. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **примерно** | 51 | 50 | 59 | 62 | 48 | 67 | 53 | 66 | 36 | **492** |
| **добро** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **незадов.** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |

*Споредбена анализа на постигнатиот успех на учениците во последните три учебни години*
*2017/18, 2018/19, 2019/20*
*од IV до IX одделение*




| | Неоценети | доволни | добри | многу добри | одлични |
|---|---|---|---|---|---|
| 2017/2018 | 0 | 0 | 7 | 52 | 281 |
| 2018/2019 | 0 | 0 | 7 | 44 | 288 |
| 2019/2020 | 0 | 0 | 0 | 28 | 304 |

***Споредбена анализа на просекот на постигнатиот успех на ниво на училиште во последниве три учебни години 2017/18, 2018/19, 2019/20 од IV до IX одделение***




| Среден успех | **2017/2018** | **2018/2019** | **2019/20** |
|---|---|---|---|
| Одделенска настава | 4.86 | 4.93 | 4.95 |
| Предметна настава | 4.66 | 4.66 | 4.82 |
| На ниво на училиште | 4.76 | 4.79 | 4.89 |

***Споредбена анализа  на изостаноци во последните три учебни  години: 2017/18, 2018/19, 2019/20 год.***




| Изостаноци | 2017/2018 | | 2018/2019 | | 2019/2020 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | оправдани | неоправдани | оправдани | неоправдани | оправдани | неоправдани |
| | 5762 | 127 | **7318** | **49** | **4871** | **15** |

## ООУ „Партенија Зографски“

# ПРЕГЛЕД - 9

### на општиот успех на учениците на крајот на учебната 2019/2020 година

| Одд. | Вкупно ученици | Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Вкупно поз. | | Неоценети | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | бр. | % | бр. | % | бр. | % | | % | бр. | % | бр. | % | |
| I | 51 | Описно оценети | | | | | | | | | | | | |
| II | 50 | Описно оценети | | | | | | | | | | | | / |
| III | 59 | Описно оценети | | | | | | | | | | | | |
| IV | 62 | 55 | 89% | 7 | 11% | / | / | / | / | 62 | 100% | / | / | 4.89 |
| V | 48 | 48 | 100% | / | / | / | / | / | / | 48 | 100% | / | / | **5.00** |
| **IV-V** | **110** | 55 | 89% | 7 | 11 | **/** | **/** | **/** | **/** | **111** | **100%** | **/** | **/** | **4.95** |
| VI | 67 | 67 | 100% | / | / | | | | | 67 | 100% | | | **4.93** |
| VII | 53 | 46 | 87% | 7 | 13% | | | | | 53 | 100% | | | **4.82** |
| VIII | 66 | 58 | 88% | 8 | 12% | | | | | 66 | 100% | | | **4.75** |
| IX | 36 | 30 | 83% | 6 | 17% | | | | | 36 | 100% | | | **4.78** |
| **VI-IX** | **222** | **201** | **91%** | **21** | **9.5%** | | | | | **222** | **100%** | | | **4.82** |
| **IV-IX** | **332** | **304** | **92%** | **28** | **8.4%** | | | | | **332** | **100%** | | | **4.89** |

**Учесници во изработка на извештајот:** **Директор**

Марина Георгиевска-Крстевски – стручен соработник- педагог Стефче Василевски

Јасмина Дечков- стручен соработник- психолог

**09.07.2020 година**